**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Четиринаесеттото продолжение на Четринасеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 18 јануари 2007 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,17 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги завземат своите места.

Продолжуваме со работа по Четиринаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Ристо Пенов, Лилјана Поповска, Даниел Дончев, Љубчо Георгиевски, Љубисав Иванов-Ѕинго, Зоран Витанов, Ратко Димитриевски, Радмила Шеќеринска, Абдулади Вејсели, Али Ахмети и Џеват Адеми ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Портодолжуваме со претрес по амандманот на член 1 став 1, за додавање нова алинеја 3, по алинејата 2, поднесен од пратениците Рафис Алити, Фазли Велиу, Аднан Јашари, Џеват Адеми, Тахир Хани , Зумрете Јакупи, Селвие Салиу, Агрон Буџаку и Ајше Селмани.

Овде на дисплејот од минатата седница останаа некои реплики. Значи, Владимир Ѓорчев беше пријавен за реплика на излагањето на Никола Поповски. Рафис Алити и Тахир Хани, како и Зумрете Јакупи, која не е присутна, се јавија за реплика на излагањето на министерот. Дали сум во право? Значи тргнуваме по тој редослед.

Господине Владимир Ѓорчев повелете со вашата реплика на излагањето на Никола Поповски, тоа се вашите три минути.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам претседателе,

Колегата Поповски спомна во врска со славењето на празниците дека ќе бидат славени празниците на заедници кои што во Република Македонија се 2,1%. Мислам дека тоа не е добар принцип. Не е добро така да се интерпретира, затоа што секој етнититет, секој дел од народ, секоја националност, секоја етничка греупа во Република Македонија придонесува за вкупното богатство во Република Македонија и не можеме тука да имаме квантитативна градација на тоа, ниту минимизирање за нечија улога, ако нечие учество изнесува 2,1%, 4,0%, 3,7%, или 0,8%. Значи, дали тие 2,1% кои што ги спомна Никола Поповски се однесуваат на Србите, дали се однесуваат на Ромите, дали се однесуваат на Турците, или на некоја друга етничка група.

Мислам дека не треба така тесноградо да гледаме, туку дека секој од нашите граѓани, независно од тоа на која етничка група и припаѓа, придонесува, за вкупното богатство во Република Македонија, нејзината култура, толеранцијата и она што го имаме како мозаик во Македонското општество. Уште еднаш ќе кажам дека ваквите интерпретации и ваквите коментари не се во ред, туку напротив, со славесето на културата од минатото и наследството на сите граѓани на Република Македонија придонесуваме да имаме хармонија во нашето општество. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Рафис Алити повелете со вашата реплика, три минути на министерот.

**Рафис Алити:** Ви благодарам господине Георгиевски.

Навистина е добро што Владата интервенира амандмански и еве и на другите помали етнички заедници, се разбира, ќе имаат неработни денови, или ќе имаат празнични денови кои ќе ги слават овие заедници. Овде нема ништо лошо. Добро е што и помалите етнички заедници придобиваат од Охридскиот договор и овде нема ништо лошо, од причина што уште еднаш се докажува дека тој Охридски договор ја демократизира Република Македонија, или ја води напред во таа насока во коај треба да биде оваа земја. Но тоа што ме наведе да излезам и да поставам прашање на претставникот на Владата господинот Мешков, што ќе се случи доколку, еден припадник на Албанската заедница, или на муслиманската заедница им се приклучи на празниците на било која заедница, што се предвидува дека ќе бидат неработни денови. Иако тој и приаѓа, или не и припаѓа на таа заедница, не е мое да судам, или не можам точно да кажам дека и припаѓа на Ромската, Српската, Влашката заедница итн, но ова го велам од причина што вие сте сведоци. Во Битола, имаше еден судски процес, еден вработен во РЕК-Битола минатата година го славеше празникот Бајрам. Поради тоа што го славеше овој празник, или се приклучи на овие празници, го отвори тој судски процес и со судскиот процес по тоа рочиште, лицето кое не сакам да го цитирам по име и презиме го доби судскиот процес. Дали ќе имаме судење со исти судски процеси и во иднина и тие кои ќе ни се приклучат, независно на која конфесија и припаѓаат, или независно на кој етникум им припаѓаат граѓаните. Ќе отворите судски процеси за вакви случаи, или ќе се почитува секој да има право да се приклучи кон една заедница, доколку тој мисли дека тоа е празник на Ромската заедница и сакаат и другите заедници да им се припојат и да го слават тој ден. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете господине министре.

**Љупче Мешков:** Мислам поединечни случаи овде да решаваме, сигурно не би било упатно, меѓутоа, во секој случај во законот што го предлага Владата, точно е кажано кој празник е неработен ден за кого. Ако некој се чувствува дека е припадник, не може да му забрани никој да го слави тој ден, но точно е кажано тој и тој ден е

за верниците од православната вероисповест, тој ден е за верниците од муслиманска вероисповест, а инаку има и празници кои рековме дека се за Ромската заедница, за Бошњачката заедница. Значи, за припадниците. Сега дали ќе се утврдува дали некој е припадник или не е припадник мислам дека овде сега да расправаме не е упатно.

**Љубиша Георгиевски:** Би сакал јас овде да дадам едно појаснување. Сигурно не би смеело да се крши принципот на човековите права на ОН, да се доведува во прашање етничкиот идентитет на било кој човек. Тука навистина, треба да се размисли малку за такви прашања. Но, во едно мултикултурно општество треба секогаш да има еден простор. Законот не може да биде до крај дециден. Треба да има еден простор на добра волја и на подобри морални обичаи. Ако некој во работата е забушант, па секои 2-3 месеци си зема друг етнус за да не доаѓа на работа, тоа ќе се среди меѓу него и работодавачот.

Повелете сега за реплика се јави Тахир Хани.
**Тахир Хани:** Ви благодарам господине Георгиевски,

Министерот не ми одговори директно и ова што го велите вие дали ќе има судски процеси за овие случаи, независно на која вера и припаѓа, независно на кој етникум му припаѓа тој граѓанин. Јас реков дека е мое право како човек, денот на Бошњаците и јас да го празнувам со нив. Дали ќе има судски процеси во однос на тие граѓани. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Јас не знам точно да ви кажам како се законски регулирани, но не сум присталица да има судски процеси. Во никој случај. Повелете господине министре.

**Љупче Мешков:** Овој случај што беше спомнат за Битола, имам информации, тоа е човек кој што отсуствувал неоправдано од работа, меѓутоа, за да не биде избркан од работа реков дека се чуствува муслиман и тоа било земено како оправдителна околност, за да не биде фактички избркан од работа. Тоа е негово право на изјаснување. И тука нема што да се впуштаме во таа работа.

Сега, дали ќе има судски процес. Судски процеси ќе има ако има покренато постапка за судски процес. Ако нема, тогаш нема да има. А како ќе биде одлучено не може никој овде да прејудицира. Меѓутоа, законот е закон да се применува, онака како што е напишан. Се друго би било изигрување на законот. Ако тој закон е за Ромската заедница, а јас утре не одам на работа и кажам дека го празнувам тој празник, дали ќе се отвори постапка или не, за тоа не можам однапред да кажам.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи Зумрете Јакупи која беше пријавена, не е тука, сега на ред е за реплика господин Хани Тахир. Повелете.

**Тахир Хани:** Почитувани пратеници, мислам дека претходно и вие како претседател на Парламентот нагласивте дека е можно и ние имаме практика во овој Парламент, практика на формирање на Комитет за меѓунационалните односи, каде еден пратеник ад хок станува друга националност и го стекнува тоа право. Зошто ова право да не се искористи и за празниците, како што вработениот од РЕК Битола го направил тоа.

Значи,ние сме изградиле едена стандрадна практика да ја менуваме и верата и националноста и на овој начин да бидеме корисници на повеќе празници во Република Македонија.

Што се однесува на одбивањето на амандманот 13 август како ден на потпишувањето на Охридскиот рамковен договор од страна на министерот на Владата, јас сакам да нагласам дека пред овие два дена беше претседателот на Мониторинг комисијата од Советот на Европа во која прилика ние добивме еден документ што не потсетува на активностите на овој мониторинг. Ќе прочитам еден коментар од ова, од што можеме да видиме дека министерот, односно Владата и пратениците дали ќе бидат и против овие проценки: “Конципиран, подготвуван и разгледуван со активна партиципација на Македонската делегација и по остварувањето на посетата на Република Македонија на известителот Бјанко, при што се остварени средби со највисоките парламентарни и државни раководители. Известителот при неговата посета имал можности и лично да се увери дека се надминати тензиите од времето кога земјата била близу до граѓанската војна. Рамковниот договор со кој е трасиран патот за длабоките реформи и за обезбедување на демократска иднина на земјата, а е општо прифатен и се наоѓа во фаза на негова финална имплементација, имајќи ја предвид актуелната ситуација од страна на известителот идентификувана е потребата, првобитниот мандат за следење на развојот на политичките настани во Република Македонија да биде проширен и разгледуван од регионалниот аспект.

Од страна на постојниот Комитет е прифатен овој пристап, базиран врз генералната оцена дека Македонија направила извонреден напредок кон стабилноста и дека таа претставува пример, кој треба да биде поддржан и кој може да има позитивен ефект за регионот во целина”. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Го завршивте ли цитатот? (да)

Има ли контра реплика? (Нема)

Завршивме со циклусот на репликите. Повелете има збор госпоѓа или госпоѓица Ајше Селмани.

**Ајше Селмани:** Ви благодарам.

Како предлагач на овој амандман, уште еднаш ќе наведам дека 13 август има посебно значење за цела Република Македонија. Тој е ден кој во себе опфаќа нешто посебно. Еден многу очекуван момент од двете страни кои беа во конфликт 2001 година. Затоа, треба да се назначи како историски ден во овој закон . Овој е ден кој и овозможи на

Република Македонија да го направи првиот чекор кон Европската Унија и нема ниту една причина некој да се потруди да го оспори значењето на 13 август, запоставувајќи го овој ден и не давајќи му место како празник кој ги засега сите народи во Република Македонија.

Вистина е дека со потпишувањето на Охридскиот рамковен договор донесе позитивни измени во Република Македонија, нешто кое го потврди и Европската комисија и меѓународниот фактор. Овозможувајќи на нашава држава напредок во разни области и давајќи и можност да се вклучи во големото европско семејство. Но, се разбира дека овој договор треба постојано да се остварува и да се почитува од сите граѓани.

Една од причините за почитувањето на Охридскиот рамковен договор е и празнвањето на овој ден како државен празник на Република Македонија. Нема ниту една друга причина овој празник да се нарече губење денови, бидејќи вредноста на овој договор е многу поголем и ќе овозможи сите други работни денови да се вкусат поинаку од деновите пред 13 август 2001 година.

Мислам дека, доколку беше предложен овој амандман од страна на некоја друга парламентарна група, неалбанска, од опозицијата, дека овој амандман ќе беше прифатен дури и без да се анализира воопшто. Ќе го направевте ова бидејќи ќе имавте потреба да го обезбедите, така нареченото Бадинтерово мнозинство. Оваа посатпка сега е многу значајна за Владата отколку носењето на еден вистински закон. Ова е друго сведоштво за да докажеме како функционираат работите во оваа држава. За партиски интереси се прекршуваат значајни прашања. Ја попречуваат Македонија во натамошната интеграција во Европската унија и НАТО структурите, како што е случај со овој закон.

За да се прогласи како државен празник еден партиски датум се вршат и неможните работи се правата можни. Не е случајно, почитувани колеги, секој ден слушаме разни вести и пораки од Европската унија како се одалечува датумот за да се обединиме со европскте држави. Се додека вака работиме овој датум може да биде и недостижен датум.

Вчера, во текот на моето излагање поставив едно прашање до господинот министер кој не најде за попатно да ми одговори или немаше одговор, бидејќи немаше агрументи да докаже зошто 13 август не е предвиден како државен празник. Зошто толку многу пречи да биде во листата на државни празници.

Самиот факт со неприфаќање на овој амандман покажува јасно непочитување што Владата продолжува да го искажува во однос на ДУИ. Како е можно сите овие 20 или 6 или 7 празници колку што се предвидени да нема место за еден празник како што е Охридскиот рамковен договор. Имам впечаток дека се чувствуваме некако срећни што успеавте да го обезбедите гласањето и сте убедени дека овој закон ќе го донесете за да и кажете на јавноста дека е се во ред.

Но, би ве замолил да не брзате. Ве очекуваат многу работи. Како ќе направите со изборот на Судскиот совет, што не го пуштате во парламентарна постапка? Колку советници ќе треба да изберете за да го добиете Бадентеровото мнозинство? Дали сте ги преброиле овие работи?

Ќе наведам дека Охридскиот договор го измени Уставот на Република Македонија и се додека министерот продолжува да биде одлучен да не го прифаќа овој амандман, јас сум убедена и сигурна многу брзо ќе биде потребно да расправаме околу овој закон во ова Собрание. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има Блерим Беџети, повелете.

**Блерим Беџети:** Ви благодарам.

Бидејќи сме во фаза на дебатирање за предложените амандмани за Предлог - законот за државните празници и истовремено кога имаме и етнички спорови за придобивките, за најголемата придобивка што извира од Охридскиот договор, а тоа е двојното мнозинство, двојното гласање, ќе беше добра можност да парламентарното мнозинство односно господинот Мешков како претставник на Владата тука, за овој Предлог-Закон да го прифати овој поднесен амандман, за што воопшто не им текнало на господата од Владата дека овој датум треба да биде еден од датумите на државните празници. Ќе беше добро повторно да се разгледа можноста овој датум да биде еден од датумите на државните празници.

Кажав дека во текот на овие денови, вчера и денеска, изгледа и утре ќе имаме спорови што произлегуваат од духот на Рамковниот договор односно од двојното гласање, ова беше најпрекрасниот случај или најдобрата можност да парламентарното мнозинство рефлектира позитивност, прифајќајќи ја оваа дата, предложен како државен празник.

Понатаму ќе се однесуваше поодговорно визави Охридскиот договор односно визави Уставот на Република Македонија. Доколку се случи спротивното за жал, ќе се продлабочат споровите или пак конфликтите, со ова ќе се манифестира неподготвеноста на почитување кое што многу политичари во разни форми го изразуваат тоа дека се за Охридскиот рамковен договор, меѓутоа изгледа е така како што го интерпретираат или толкуваат самите тие или пак како што сакаат, а не како што е напишано или како што е преточено во Уставот.

Почитувани присутни несватливо е што еден датум како што е 13 август од нас пратениците без разлика на актуелните позиции што ги имаме, несватливо уште еднаш ќе кажам, еден датум кога е потпишан од водачите на главните политички субјекти и од најрелевантните меѓународни фактори и најрелевантните меѓународни центри каде што се спречува еден

или пак се прекинува еден конфликт, ќе пофторам уште еднаш значи тој конфликт дојде како резултат на незадоволството на еден ентитет визави другиот се разбира поради политичкото однесување, а не поради некоја лична омраза и уште еднаш ќе нагласам, мароризацијата и тогаш беше силно оружје или пак елемент на парламентарните мнозинства. Сега, за жал, изгледа се рециклираат мајоризациите, било во Комитетот, било случајот со конвентирањето на верите или утре ќе се конвентираат во текот на една ноќ, со овој предлог каде што повеќе доминираат верските празници отколку оние што треба да бидат државни. Можеби ќе беше подобро да го променевме името на законот за државни празници, национални и верски празници, отколку да биде вака како што е.

За одговорните и совесни политичари кои се сериозни и имаат визија во актуелната политичка состојба да одбиеш датум како што е 13 август јас не знам и сакам уште еднаш малку посмело господинот Мешков, во име на целата егзекутива да каже во што е работат? Дури ќе ги повикам и пратениците од парламентарното мнозинство кои имаат полна уста дека се потписници на Охридскиот рамковен договор и дека го спроведуваат, реализираат со не знам колкав Буџет, процентуално. Некои заменици премиери што знаат многу да се фалат со Охридскиот рамковен договор дека се ангажирани за имплементирање на истиот, а воопшто да не водат сметка за историската тежина или историското значење што го опфаќа 13 август и сите претходни процеси што биле крунисани со потпишување на едед договор на 13 август.

Доколку ги имаме предвид сите овие работи, јас не сакам да ги спомнувам бидејќи се надевам дека сите добро се сеќаваме што донесе 13 август, како почна Македонија да има отворени врати после 13 август, нормално, се подразбира во едно општество или во една држава во која што ќе се случи конфликт без оглед на обликот или треба време тоа да се стабилизира, сепак тоа се постигна во Република Македонија и Македонија токму на овој датум со овој договор почна да ги отвора вратите во многу центри во Европа и пошироко.

Се поставува прашање што не се ни дебатира, туку се слуша. Јас сум подготвен и македонски да дискутирам за да не се замараат да слушаат со слушалки, туку директно да слушаат. Ќе го слушнам образложението или оправданието зошто не се подговтени пратениците од парламетарното мнозинство дури и да полимизираат зошто овој датум, исклучително значаен за сите ентитети во Македонија, не само за Албанците, дека договорите се компромисни. Се потпишани, прифатени и признаени со волја. А сега не дебатираат. Каква улога играат? Само да слушаат, а да не нудат аргументи?

Ајде да ги земеме сите предложени празници што ги брани господинот Мешков тука и што треба да бидат државни празници? На порано поставеното прашање од моја страна рече дека е добро што помогнал Рамазан Бајрам да биде државен празник, меѓутоа ни е Курбан Бајрам. Ќе го замолам да се консултира со албансаката партија 13 август, додека има време и можност, да се интервенира да биде прифатен овој амандман и биде составен дел на овој Закон. Со ова нема да добие ДУИ и ПДП, со ова ќе добие државата. Ќе добијат сите граѓани кои живеат во Република Македонија, затоа што придобивките ги чувствуваат сите од овој Охридскиот рамковен договор. Не заборавајте дека Република Македонија доби и статус на кандидат, после неколку години, кога претходно имаше конфликт, токму како резултат на овој Охридски договор, како резултат на овој договор потишан тогаш од страните во конфликтот и другите разни страни со разни политички мислења и проценки, меѓутоа и од меѓународните одлучувачки центри. Многумина ќе постават прашања кое е оправданието овој празник да го нема тука?

Немојте ова да го сфатите колку сме ние заинтересирани, претставниците, избраните албанци тука во законодавниот дом, исто толку треба да бидете заинтересирани и вие од каде во поновата историја на Македонија не се предвидува овој Охридски договор, туку се предвидува Ден на македонската револуционерна борба. Треба да направиме споредба зошто тој датум треба да биде, а овој датум не треба да биде. Ова беа причините и образложението зошто овој закон имаше потреба да оди на поширока јавна расправа, на расправа кај експерти од разни области. Се се цел да се дојде до пореална констатација кој треба да бидат, а кои не треба да бидт празници. Сигурно дека сите датуми ја имаат својата вредност и значење. И Денот на македонска револуционерна борба и Охридскиот договор и Рамазан Бајрам и Курбан Бајрам и Божиќ, итн. Меѓутоа, требаше да се седне и разговара.

Доколку мислите дека молчеејќи, почитувани колеги од парламентарното мнозинство, дололку мислите дека со молчење ќе помине, ќе се изморат дискутантите кои го предложиле овој амандман, со тоа не добивате ама ништо, ама не добивате ништо, со тоа што ќе надгласате нешто.

Ќе го кажам тоа што го кажав на почетокот, според мене ја имаат истата тежина и токму моментот да се рефлектира позитивно откако јавно имаме спорови за најголемата придобивка од Охридскиот рамковен договор. Реков дека е тоа двојното гласање, а доколку ми дозволите малку да елаборирам, тоа е елемент на консензуалната демократија.

Замислен е и инкорпориран во овој договор за да се заштитат немнозинските ентитети од мнозинската заедница. Сигурно дека во минатото имало негрижа или невнимание во оваа насока. Затоа е предвидено да постои ова. Доколку вие и во овој случај мислите дека придобивка на демократијата, дури и на денешницата е тоа што

молчејќи и надгласувајќи непочитувајќи ја и оваа најголема придобивка од Охридскиот рамковен договор, ќе си земам за право од сега да кажам дека грешите, без разлика дали сте од политичките партии кои се македонски, кои се албански, или се мешани, но се дел од парламентарното мнозинство. Грешите сите.

Парламентарните мнозинства доаѓаат и си одат. Сигурно дека тука имало разни мнозинства порано. Имало и во иднина, што сега се дел на паралментарното мнозинство, во некој друг состав биле дел од едно друго парламентарно мнозинство, мешано, а се сега од другата страна. Затоа, елементот одговорност е исклучитално голем. Ние немаме никаква друга можност освен да манифестирале дека ја почитуваме и волјата и традицијата да се празнуваат некои празници кои се предложени во овој Предлог-закон. Меѓутоа, исто така бараме јавно и вие да ги почитувате датумите што ние ги даваме, дека се исклучително значајни и чувствителни и дека се надоврзуваат на многу работи.

На крајот, ќе го замолам господинот Мешков доколку има можност да ми даде објаснување дали е анализирано и дебатирано да 13 август биде еден од датумите на државни празници, или кои се причините да не биде. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Реплики: Грозданов Цветко, Рамадани Агим, министерот.

Нека повели прво министерот, има предност, реплика.

**Љупче Мешков:** Во бранењето на Законот и постапувањето пред овој Парламент ги почитувам одредбите на прарламентаризмот и Деловникот за работа на ова Собрание. Тоа, практично значи дека се јавувам тогаш кога мислам за потребно дека треба да се јавам. А, во одредени случаи кога сум се изјаснил како претставник на Владата за амандманот и молчам по некои работи, јас практично по втор пат давам одговор.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Цветко Грозданов, вашите три минути.

Претходно се јави за контра реплика господинот Блерим Беџети.

**Белерим Беџети:** Господине Мешков,

Јас не сум слушнал никакво образложение зошто овој датум не е предвиден како ден на државен празник. Мислам за значењето го образложив, а од вас како владин повереник, претставник не сум слушнал никакво образложение. Ако има потреба и по трет пат вие јавете се,бидејќи мислам дека значењето е многу големо. За жал, ние можеме да ги искористиме тие деловнички права по две-три минути, а да не кажеме ништо. Уште еднаш ви велам, јас од ваша страна ништо не сум слушнал и овој датум не е предвиден.

Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете, господине министре.

**Љупчо Мешков:** Јас не за овој празник кој го предлагаат почитуваните пратеници од ДУИ, туку и за многу други празници и датуми кои многу луѓе ги сметаат за важни и треба да бидат во овој закон, не сум дал образложение. Некои ме прашуваа зошто, на пример, Мајка Тереза, роденденот не е во овој закон или некој трет или четврт празник. Значи даваме образложение на Законот што е предложен. Инаку, има многу други датуми и во своето уводно излагање кажав, кои заслужуваат внимание, меѓутоа, не можат сите датуми кои некои ги сметаат за важни, да бидат сите опфатени во овој закон.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика на министерот има господинот Блерим Беџети, повелете.

**Блерим Беџети**: Фала ви, ќе бидам многу краток. Па, веројатно, вие предложените амандмани сте ги разгледале било како министер за труд и социјална политика, бидејќи е дискутабилно дали вие требаше да бидете предлагач или некој друг ресорен министер или целата Влада. Предложените амандмани би требало да имаат образложение зошто не се прифатени за да бидат дел на Предлогот на текстот на законот. Тука би требало да имаме оддговор.

Ако е така дека не сте ги разгледале, тогаш е многу неодговорно и несериозно од страна на Владата.

Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Вашите три минути, реплика на излагањето на господинот Беџети, повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам претседателе.

Јас ќе се осврнувам на претходниот дискутант околу неговите паушални изнесувања за она што се начинот на изразувањето и начинот на увредувањето на мнозинството во Собранието.

Јас само ќе потсетам дека ние сме дојдени сите и немаме намера да во сите дискусии кои што се паушални, неиздржани да земаме збор и немаме намера нивните провокации кои што се од нивна страна во секој момент да реагираме на нивните провокации. Изморувањето на дискутантите, јас ќе кажам дека ние сме тука и нема да не изморите, со тоа што ќе ве ислушаме сите до крај. Значи, нема теорија дека ние ќе ве напуштиме и дека ќе ве оставиме сами да слушате. Ве убедувам дека ќе бидеме тука да ве ислушаме до последен, иако во вашите дискусии не кажувате ама ништо суштинско. Се повторувате со една иста ментална матрица во кое што само кажувате, кажувате, а во суштина некои стари социјалкомунистички фрази со кои што зборувате, а ништо не сакате да кажете.

Само едно ќе напоменам, околу она што кажувавте за НАТО и за Европска унија. Не, господине, не можете да кажете дека во НАТО ќе влеземе побрзо или во Европска унија доколку овој празник го ставиме и го празнуваме. Јас ве убедувам и сум сигурен во тоа дека оваа Влада ќе

ја внесе Македонија во НАТО и во Европска унија, само со тоа што ќе ги имплементира оние кои што се зацртани точки во Рамковниот договор. Јас ќе го употребувам зборот Рамковен договор, затоа што некои работи требаше во минатото да бидат ставени во одредена рамка. А, она што е Охридски договор, тоа е по некоја случајност што се случило во Охрид. Затоа, ве убедувам дека и понатаму ќе останеме тука со вас и ќе ве слушаме. Можете да зборувате колку што сакате, можете да вреѓате колку што сакате, можете да упатувате критики на мнозинството, но ве убедувам дека единствено само со дела, а не само со одредена празнологија која што ја употребувате тука дека ако биде овој празник дека ќе имаме ваква или таква толеранција, ќе имаме ваков или онаков напредок, ве убедувам дека нема. Празниците не претставуваат одење према напред онолку колку што вие замислувате, туку имплементацијата на тој договор кој што се случи како Рамковен договор, може да не носи напред. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Беџети имате една минута.

**Белрим Беџети:** Почитуван колега,

За да ме сфатите треба да имате потребно интелектуално ниво и политичка одговорност. Вие или не сакате, а јас не сакам да верувам дека немате таква можност. Но, во Охрид се направи украс со ова и Македонија стана побогата со тоа што се случи во Охрид. Вие треба да ја прифатите оваа реалност и тоа треба да се бара на друго место. Значи, тие стари ментални политички матрици, зошто се случи тој конфликт и зошто дојде Охридскиот рамковен договор. Затоа што, многумина пред мене тука расправале и говореле за да не се дојде до тоа и тоа со поцивилизирани и подемократски форми за сите етнитети да бидат рамноправни како во политичката така и во економската национална сфера. Меѓутоа, вие изгледа сеуште не ви е јасно.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Агим Рамадани, повелете вашите три минути.

**Агим Рамадани:** Јас сум принуден да му реплицирам на господинот Блерим Беџети, бидејќи ја засегна мојата партија и заменикот премиер на Република Македонија на кого му рече некаков заменик премиер. Тој не е некаков заменик премиер, тој е заменик премиер на Република Македонија, кој се вике Имер Селмани и има функција која е утврдена во Владата и во Парламентот со име и презиме на таа функција, каде што се вели дека е човек кој ќе се грижи и ќе раководи со процесот на реализирањето на Охридскиот рамковен договор. Во оваа насока тој не прави палаври или не продава демагогија и не се фали, туку дејствува конкретно со работи кои се конкретизираат со закони и делови на закони преку Буџетот. Да ве потсетам, неколку пати сме кажале дека се утростручува Буџетот за реализирањето на соодветната застапеност на албанците во Република Македонија.

Второ, се носат инвестиции за културното издигнување на албанците, не сакам да ги спомнам од библиотеките, училишта, универзитети и други инвестиции. Секако, ова не ни е тема, но морам да го кажам, додека вие четири години бевте со СДСМ и зошто вие не го реализиравте еве четири години ова, затоа што требаше да го реализирате овој договор, бидејќи војната ја направивте заедно. Се вели дека ние денес сме спремни и верските и националните празници, како што е азбуката на албанскиот јазик како неработен ден да се конкретизира со закон. Исто така и Рамазан Бајрам е државен празник на Република Македонија, а и Курбан Бајрам е празник или неработен ден за нас. Што сакате друго. За нас говорат аргументи, а не празни зборови. На ниеден начин не сме молчеле и нема да молчиме, наспроти тоа што е право и работа, но и постапка и не се говорат празни зборови во целост. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете вашата минута, господине Беџети.

**Блерим Беџети:** Крајно време е и тој заменик премиер се занимава со своите работи и со своите одговорности, кои што извираат токму од овој Охридски договор,а не да прокламира достигнувања на минатиот мандат. Не одат некои работи со шмеќерство и тие или треба да се направат или не и вие треба да ја сносите одговорноста. Национален празник треба да се разликува од верски празник, меѓутоа еве повелете направете тоа овој празник нека биде таков празник. Треба да имаш малку култура и да ме ислушаш, а не да реагираш од место. Повели, ние расправаме и дебатираме, како што сакаш. Вие комплетно целото парламентарно мнозинство не рефлектирате одговорност кон датумот 13 август, имајќи ја исклучително несериозната проценка на колегата Агим Рамадани дека војната ја направија заедно. За оружјето се знаеше кој го делеше под знак на благодарност за меѓусебните успеси.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господинот Садула Дураки има збор, повелете.

**Садула Дураки:** Ви благодарам.

Предложениот амандман кој го поднесе парламентарната група ДУИ и ПДП е со овој амандман со цел за да го подобри пристапот на Владата на Република Македонија. Да не одиме со нечии навики и да се води политика како некому што ќе му текне, дали е добро или не да се прифати 13 август од причина што на13 август победија заедниците заеднички поаѓајќи од македонската заедница, албанската заедница и помалите заедници. Вистина е тоа дека на 13 август се одлучи да не се распадне Република Македонија. Вистина е и тоа доколкку продолжеше и понатаму и не дојдовме до еден таков договор, сигурно нема да бевме заедно во овој Парламент. Токму поради овие причини на 13 август двете најголеми заедници во Република Македонија одлучија кои се два клучни столба и третиот столб се помалите заедници кои живеат

во Република Македонија со посебна почит и за тие заедници, само дека големиот знае да простува и само големиот знае да работи од полза на самиот себе си и во полза на другите помали заедници. На овој начин одбивањето на 13 август ми остава да се сомневам дека ова парламентарно мнозинство дали навистина е за демократска Република Македонија или не е за една држава Република Македонија. На овој начин јас се сомневам за одбивањето и неприфаќањето на 13 авуст ме прави да се сомневам од сето ова. Гледајќи го овој закон за празници каде се предвидени во членот 1 од Законот за празници кој е предвиден за државен празник 2 Август, каде многуод моите колеги рекоа дека 2 Август е заеднички празник каде што учествуваше и албанската заедница и се воспоставени темелите на Република Македонија со Крушевската Република и колку дена живееше таа Република, но токму поаѓајќи од ова, темелите кои што се воспоставија со Крушевската Република заедно со Албанците, Власите и другите заедници и со тие соборци и содејци им се одзеде правото на другите заедници. Заедно се вели дека 11 Октомври е заеднички празник. Тоа е празник на сите нас. Вистина е тоа дека во АСНОМ имаше и Албански преставници. Вистина е тоа дека таму се воспоставија темелите на Република Македонија. Но, токму од тие темели и соборци кои беа против окупаторот, фашистичкиот окупатор, а таму беа заедно Албанците и Македонците, токму од тие соборци на Албанците им се одзете правото, токму од тие соборци, од своите соборци ги одалечија и ги раселија во Турција. Дали Албанците овој празник ќе го чувствуваат како заеднички празник, сигурно велам дека не. Кога е воведен 23 октомври, ден на Македонската револуционерна борба, јас се сомневам во ова дека 13 август не се воведува токму поради тоа дека навистина се ставени темелите на Република Македонија на една нова Македонија. Но, се знае програмата на дејствувањето, револуционерната поставка на ВМРО. Исто така, се знае и програмата на албанското движење основано во Призрен. Тогаш, со кое право на овој празник му се дава право да се слави и да се прошири во Република Македонија и да се презентира една поголема Македонија, намерно или ненамерно, вие ги воведувате Албанците да размислуваат дека навистина да дејствуваат и да работат врз програмата на националното албанско движење основано во Призрен. Тогаш, каде не води сето ова? Ќе ја имаме Македонија или нема да ја имаме Македонија. Ќе ја сакаме Македонија сите заедно или нема да ја сакаме сите заедно. Македонија ја сакаме заедно само почитувајќи се едни кон други. Македонија ја сакаме заедничка само разговарајќи заедно со вистина да се почитува и другата заедница. Не е вистина дека албанската заедница се почитува со национални празници со овој закон. Да не создаваме магла на нашето население дека наводно со овие празници и албанската заедница ќе ги слави националните празници. Азбуката на албанскиот јазик не е државен празник, не е празник на Републиката. Државен празник е само празник на албанците предвиден со овој закон, така што намерно или ненамерно се прави едно непочитување во однос на албанската историја. Додека 13 август не е албански празник, е празник на Република Македонија и припаѓа на сите заедници. На овој начин со ова навистина докажуваме дека сме за Охридскиот рамковен договор. Вака преку еден прозорец се укажува дека оваа Влада не го почитува Охридскиот рамковен договор.

Преку тој прозорец ќе влезе низ големи врати еден ден. Охридскиот договор кој не бил ништо и тоа што е напишано во тој Договор е имплементирано во Уставот, но градуално ќе почнеме да ги отстрануваме, ќе кажеме не е време сега и постепено Албанците еден ден да се почувствуваат нерамноправни во Република Македонија. Не е доволно да кажеме само убави зборови. Смелите политичари треба да ги признаат направените грешки и порано. Неополитичарот треба да ја каже и грешката која што ја прави сега во моментот. Ова е една голема работа за тој човек, за тој политичар. Смелиот политичар навистина на заедниците им носи добри работи и придобивки. Кога беше Законот за полиција на расправа навистина расправавме и говоревме на широко за транспарентност. Транспарентност на нашето население како ние Албанците исто така и Македонците да им ја кажеме вистината. Ние Албанците на нашата заедница треба да и кажеме без соседот, без Македонците нема Македонија. Но истото треба да се каже од македонските политичари-без соседот, без Албанецот сосед нема Република Македонија. На овој начин заедно да се занимаваме со сериозни прашања и навистина Република Македонија да ја воведеме во големото европско семејство. Вистина е дека со празник кој се вградува овде нема да бидеме членка на Европската унија, треба да се направат и други големи измени, но ова е една голема работа навистина Охридскиот рамковен договор да се почитува од сите заедници во Република Македонија. Овој Договор ни донесе придобивки на сите нас и на Република Македонија, а не да говориме за доброто и да вратиме од Хашкиот суд некои работи. Не е проблем, нека се вратат и од Хашкиот суд предметите, не е проблем и да се судат Албанците како што се осудувале и порано, како што се прогонувани порано, но во 21 век сме и навистина во оваа Република која е мала по големина, но има едно големо значење на Балканот, таа е во центарот на Балканот исто така како што е папокот на телото на човекот. Токму овој папок кој е на Балканот треба д му пријдеме со поголема сериозност. Значи, еден празник на обединувањето на сите заедници а тоа е Охридскиот рамковен договор. Токму со тоа кажуваме голема возвишеност и во однос на надворешната политика. На овој начин и тоа што го декларираме еве ќе кажеме дека сме го вовеле како државен празник. Но јас можам да увидам

дека оваа смелост ја нема мнозинството и Владата, сеуште се залагаат во раце да ги држат кочниците и власта во национална карта така што сето ова е на штета на сите граѓани. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор за реплика минситерот за труд и социјална политика.

**Љупче Мешков:** За да не се добие впечаток дека овој или други амандмани не биле консултирани или разгледувани на Влада сакам на дискусија на почитуваниот пратеник да му реплицирам дека е разгледуван амандманот меѓутоа господинот Дураку знае дека Охридскиот рамковен договор кој што е склучен на 13август е политички договор. Тој е политички договор, па според тоа нема карактер на договор кој треба да биде во член 1 став 1 како државен празник, а се она што е договорено со Охридскиот рамковен догвор на друга дата, а не на 13 август е внесено во Уставот на Република Македонија односно во уставните амандмани на Уставот на Република Македонија.

Поаѓајќи од фактот дека Уставот не е државен празник во кој се вклопени и договорите, она се што е договорено со Охридскиот рамковен договор нема државен празник не е логично Охридскиот рамковен договор како политички договор да добие таков карактер и да биде во член 1 став 1. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За контра реплика една минута има пратеникот Садула Дураку.

**Садула Дураку:** Ви благодарам.

Господине Мешков, врз основа на овој Договор се измени Уставот на Република Македонија. Врз основа на овој Договор Меѓународната заедница на Македонија оди во оазата на демократијата. Колку за ваше сознание ќе го потсетам господинот да го прочита говорот на починатиот претседател што кажал, или што вели господинот Трајковски. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете госпоѓо Весна Јаневска, вашите три минути за реплика.

**Весна Јаневска:** Благодарам претседателе.

Што се однесува за Рамковниот договор сите сме го кажале тоа, стоиме зад него и имплементиран е во Уставот. Но треба да се почитува малку науката, културата и традицијата. Не е проблем да дискутираме на темата државен празник-денот на потпишување на Рамковниот договор, проблем е што тој сеуште е премногу актуелен, жив и премногу е рано. Ми се чини дека безпомошноста и фрустрацијата на ДУИ што се во опозиција ги прави ретроградни па спомнуваат Прзренски лиги, голема Албанија, ги прави атрактивни па почнуваат да се заканувaат и конечно ја потврдуваат својата фрустрација со тоа што не успеале да го постигнат она што тие мислеле дека требеле да успеат.

Сметам дека сте господа пратеници премногу демагози во своето однесување во Парламентот и дека се однесувате премногу популистички. Во тој правец вчера на господинот Агрон Буџаку му кажав една анегдота, кога извесна Леди Ненси му рекла на Черчил дека ако и е маж ќе му стави отров во кафето, Черчил и одговорил-да сте ми вие жена јас ќе го испиев кафето. Господа од демагогијава и од популизмов на ДУИ лично мене ми доаѓа да се отрујам и Парламент да оставам и усвет да фатам. Бидете малку поконструктивни, навистина работете го она што велите дека ќе го работите за државата, не ние Македонците, Албанците ќе го почитуваат многу повеќе и ќе вид дадат многу повеќе суверенитет на следните парламентарни избори. Благдоарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор за контра реплика пратеникот Садула Дураку.

**Садула Дураку:** Благодарам.

Госпоѓа Весна имам посебен почит како професор, но сакам да ве потсетам дека 8 септември е Ден на независноста каде што Референдумот се имплементира во Уставот на Република Македонија, но таму Македонија стана независна додека Република Македонија продолжи да живее и да опстојува со Охридскиот рамковен договор на 13 август. Ова не е политички договор туку е навистина уставен договор, додека тоа што го велите дека сме во опозиција граѓаните Албанци нас ни го дадоа гласот и довербата, но вас почитувана госпоѓо незнам дали сте позиција или опозиција. Фрустрација немаме, не сме фрустрирани но го велиме тоа што треба да го кажеме.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господинот Агрон Буџаку, повелете.

**Агрон Буџаку:** Благодарам господине претседателе.

Во моите дискусии поранешни за Законот за полиција мислејќи дека подобро ќе не слушаат и ќе не гледаат доколку им се обратиме на пратениците ако ги гледаме во очи вообичаено излегував на говорница, меѓутоа со тек на работите на овој парламентарн состав нешто сфатив, а тоа е дека или од фрустрација, или пак од нетрпение, или нетрпение за слушање, или пак од фактот на која партија и припаѓам јас пратениците од ВМРО-ДПМНЕ ниту слушаа или пак слушаа меѓутоа немаа никаков противаргумент на аргументите кои што, наспроти тоа што рековте почитувана госпоѓо Јаневска, секогаш се тука стенографските белешки и можете да видите кој говорел аргументирано, а кој не и кој правел демагогија. Кој правел демагогија со тоа што колку пати ќе се повлечеше амандмани од Законот за полиција ќе се назначеше некој директор или некој член на управен одбор. За мене ова е демагогија, популизам, а не да се придржуваш кон начелата и аргументите, така како што дејствуваме ние, за што сведочат и стенографските белешки, сведочи и порастот на рејтингот на партијата, иако не сме во позиција. Ова се факти и пред фактите и

Господ молчи, меѓутоа некој што не сака, тоа е негов проблем.

Мојата дискусија, бидејќи постојано некој почитувани пратеници од ВМРо-ДПМНЕ не ги става слушалките, јас ќе продолжам на македонски јазик така што ќе можеме да се разбереме сите затоа што ние го знаеме македонскиот јазик и барам доколку е така како што реков јас тие се значи само роботи, вршители на некоја волја, а не пратеници кои што треба да дискутираат...

(Пратеникот продолжи да зборува на македонски јазик).

да кажеме ако веќе немаат доблест да ги стават слушалките да слушнат што имаме да кажеме.

Јас господине ценет Георгиевски ви се обраќам вам затоа што вие во вашиот говор, тоа е поврзано со амандманот, поврзано со празникот така што би ве замолил да не ме прекинувате, затоа што вие зборувавте за жаби и за птици, а не знам кој би имал право вас да ве прекине бидејќи не сте на темата, така што не би било во ред и вие мене да ме прекинете, затоа што се работи за многу важна и суштествена работа. Не се работи за еден од 27 или 7, колку се државни и воопшто празници, туку се работи за еден концепт, се работи за една многу важна работа-каде е тргната Македонија.

Вие рековте многу убаво и јас ќе ве цитирам. Друго е господине Георгиевски ако јас би сакал паушално да ве оквалификувам како популист демагог, но да пријдеме на вашите укажувања од позитивна страна и позитивен аспект дека навистина така мислите.

Ако вие навистина така мислите дека треба или најдовте во дискусиите на два-тројца пратеници гледање од птичја перспектива, што фигуративно значи од горе и од многу горе и многу подлабоко, посуштински и поважно. Вие рековте дека, го дадовте примерот на Шпанија, двете страни кои се бореа за република и против република и тн., комунисти или фашисти, како рековте. Сите граѓани на Шпанија сега се поклонуваат на жртвите на тој конфликт од 1936 до 1939 година. Сега има многу толкувања на Охридскиот рамковен договор. Јас не би сакал да се повторувам во врска со тоа што реков во мојот говор за првиот наш амандман и воопшто за првиот амандман на законот во врска со Охридскиот рамковен договор, но суштината е во тоа дали вие мислите така како што рековте и дали Охридскиот рамковен договор треба да се гледа од птичја перспектива, од паралелизам меѓу конфликтот во Шпанија и да се види од таа перспектива какво суштинско значење има за Република Македонија. Мислам дека аргументите кои беа изнесени тука од страна на моите почитувани колеги беа доволно јасни. Јас исто така бев доволен јасен за значењето во континуитет на државотворноста и на стварање на држава. Тоа е еден многу комплициран, тежок и долготраен процес. Во тој процес спомнавме важни датуми кои се одбележуваат и празнуваат како државни празници во Република Македонија, кои во континуитет доведоа до независност на Република Македонија и доведоа до постохридска, би ја нарекол Македонија. Значи, ако се гледа од тој аспект дајте, бидејќи вие алудиравте и рековте за пратениците од опозицијата дека ги гледаат дискусиите од жабја перспектива, нека бидат тоа и вашите партиски колеги, ако така велите дека мнозинството сме жаби, затоа што реагира опозицијата дека тие се најдоа, но изгледа вие мислите на сите освен на двата примери што ги рековте, така што барем во тоа сме солидарни. Така што сега да се воздигнеме сите ние па да признаеме, има и право во одредена смисла почитуваната колешка Јаневска дека е премногу рано во смисла на тоа ако има нешто ВМРО-ДПМНЕ против празнувањето тоа е друга работа. Значи тука можат почитуваните колеги од ВМРО-ДПМНЕ да излезат и да земат збор, не само со реплики и со некакви квалификации кои беа изнесени од почитуваниот колега дека ние мислиме комунистички. Јас ве уверувам дека никогаш не сум бил член на Комунистичка партија, а почитуваниот колега нека се сврти позади себе кон својата пратеничка група да види колку има бивши комунисти во својата пратеничка група. Тука да сме јасни, нема никаква комунистичка демагогија, туку се работи, гледам дека се врти и мислам дека би требало да знае колку комунисти бивши има во својата пратеничка група.

Друго, јас мислам дека погрешно се толкува и се гледа Охридскиот рамковен договор само низ призма на конфликт.

Сосема јасно тука беа искажани овие зборови од оваа говорница од највисоки домашни и странски функционери. Значењето на Охридскиот договор за Македонија и за тоа каква треба да биде Македонија за да може како таква пост охридска да се интегрира во НАТО и во Европската унија што е наша заедничка цел и за тоа имаме општ консензус и голема поддршка од граѓаните на Република Македонија. Ако се поврзува со конфликтот, тогаш испаѓа дека не дека ние сме фрустрирани, туку испаѓа дека некој од ВМРО е фрустриран, затоа што има тези дека ВМРО-ДПМНЕ, или некој бил губитник, а некој бил победник во конфликтот. Има такви тези. Така што јас би ги издвоил тие работи, и ние во нашите говори постојано потврдувавме дека во Охридскиот рамковен договор нема победници, ниту губитници, туку најголем победник, или бенефициент од Охридскиот рамковен договор е Република Македонија. Затоа што тука почитуваните колеги не знам го читале Охридскиот рамковен договор, најважната работа е дека се признава Република Македонија како унитарна држава. Јас изгледа треба да се вратам, затоа што аргументите или не беа слушани, или беа квалификувани како демагошко популистички и комунистички, треба да се навратам на некои мои аргументи за да уште еднаш оваа дебата која повторувам конкретно се работи за амандман за прославување како државен празник на

Охридскиот рамковен договор. Оваа дебата треба да се гледа многу пошироко. Значи не се работи само за еден од 27 празници, или 7, 8 празници, се работи за суштинска работа. Тука господине Георгиевски вие бевте, тогаш немаше потпретседател на Собранието кога јас во една прилика реков и цитирав цитат од Библијата, зборовите на Исус Христос кој во време на бесење рекол: "Боже простете им, не знаат што прават". Јас мислев дека за контекстите и остварувањата во врска со Комитетот што фалсификувавте за Законот за полиција што не беше по Бадинтер итн. Со таа фраза мислев дека пратениците и Владата не знаат што прават. Сега после 5 месеци владеење и работа на овој Парламент, јас би го цитирал Шекспир. Во "Хамлет" Шекспир рекол дека и во лудоста има систем. И затоа господине Георгиевски, вие како човек со таква широка култура и познавање, ако гледаме од позитивна страна реков ќе гледаме од позитивна страна, како тогаш давате мислење. Вие сте сега претседател на Собранието, втор човек во државата, или прв човек на законодавниот дом. Во мислењето во врска со нашето барање измените на Законот за радиодифузија да одат по Бадинтер, затоа што законот беше гласан по Бадинтер, вие наведувате дека Комитетот за односи меѓу заедниците го дава следното мислење. А после рековте по медиумите дека Комитетот не се состанал.

Второ, како може овој, како да го наречам документ, мислење, нема ниту протоколарен број, ниту датум, ниту кој се потпишува, кој е тој што дава мислење. Не е Комитетот и вие сами рековте дека Комитетот не се состанал. Значи, ценејќи ве вас како личност, но сега како функционер, вие постапувате можеби како доктор Џексон и мистер Хајд. Значи, едно е како личност, а друго е како функционер. Тогаш, или вие кршите основни норми на административно постапување. Да оставиме на страна тоа што е многу важно, со ова се кршат одредбите на Охридскиот рамковен договор, затоа што не може да се примени механизмот кој гарантира дека заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија нема да бидат надгласани, како што беше случај и впрочем што доведе до конфликтот и до менување на Уставот. Сега дали во ова лудило има систем и ако има систем тоа е загрижувачки. Затоа што Охридскиот рамковен договор е основа, е главниот политички адут прво за демократизација на Република Македонија, за достигнување на стандарди за човекови права и за функционирање на демократијата која што ја имаат тие држави кон кои ние се стремиме. Второ, Охридскиот рамковен договор не треба да се свати од фрустрациите кои не се мои, госпоѓо Јаневска, туку се на некој друг како наметнат и дека оваа партија ВМРО-ДПМНЕ не сакаше да гласа во минатиот состав на Собранието. Сега се поставува прашање. Второ прашање ако не се одбележува во континуитет на државотворни празници, или државни празници Охридскиот рамковен договор, пораката е јасна и тоа сум го рекол по репликите и порано во моите дискусии, на краток рок рејтингот на ВМРО-ДПМНЕ и на господинот Никола Груевски ќе достигне до 25% што е голем успех, тука и се промовира како голем успех, заборавајќи дека ако некој политичар што е премиер, или претседател во една нормална држава би имал 25% рејтинг тоа би било многу загрижувачко и би ги фатила паника таа партија и тој премиер ако имаат теков рејтинг. На пример претседателот Буш достигна рејтинг до 30%, и ги фати паника како е можно да опаѓа толку рејтингот. Кај нас бидејќи имаме систем на извртени вредности 25% се смета дека е голем. Да кажеме, претполагаме дека во краток рок тоа ќе им служи на тие фрустрирани што сега преку неприфаќање на Охридскиот рамковен договор сакаат да докажат нешто, но не на краток рок, не на долг рок, туку на среден рок. Резултатите на таа катастрофална политика ќе бидат катастрофални за Република Македонија што од друга страна ме наведува да мислам дека во лудилото има систем дека е некој и по цена на недобивање на покана за НАТО, затоа што НАТО ќе ги оцени нивните 7 месеци, по цена на недобивање на датум за преговори сака да наметнува непочитување на Охридскиот рамковен договор. Значи, освен што се работи за државотворен празник во континуитет, се работи за многу значајна работа, тоа е дали ВМРО-ДПМНЕ го прифаќа или го реализира Охридскиот рамковен договор, или се обидува преку вакви документи и манипулации да го ревидира и да не го признава Охридскиот рамковен договор. Значи, политиката на една суверена држава е работа на таа суверена држава и на таа влада и на тоа мнозинство во Парламентот. Многу чесно би било за да знаеме каде сме, да излезе еден од главните претставници што седат во првиот ред тука во Собранието и нека каже, тоа би било многу чесно. Тука не се работи само за Охридскиот рамковен договор како придобивка на Албанците. Гледаме дека со механизмот воспоставен со Охридскиот рамковен договор тоа е двојно мнозинство и што јас го поздравувам и што би требало да биде така и заедниците добиваат ден за славење и помалите етнички заедници во Македонија. Значи, со тоа се зацврстува лојалноста кон државата и се зацврстува внатрешната кохезија на државата, на една млада држава како што е Македонија, во еден многу деликатен процес и во една многу деликатна година. Ќе повторам, пораката што Македонија би требало да ја даде со празнување, или со вметнување на 13 Август како државен празник, ќе биде многу силна. Сите тие скептици, или соседи кои уште имаат некои проблеми со Република Македонија би ги натерале малку да се замислат, да направат чекор назад и да си кажат дека тенденцијата за ослабнување на позициите меѓународни на Република Македонија не им оди тоа во прилог, затоа што Република Македонија покажува голема внатрешна кохезија и сила, има лојалност на сите граѓани. И кога се работи за таква ситуација затоа што сите би требало да

знаеме дека силата, или значењето на една независно дали е мала, или е голема држава во меѓународната политика зависи од внатрешната кохезија. Ако оваа Влада прави вакви работи, тоа е јасен сигнал на соседите, па и на евро скептиците во самата европска Комисија и Европската унија им дава аргументи да каже дека Македонија не може да оди напред, затоа што оваа Влада има таква катастрофална политика меѓународна. Кога имавме една полемика со господинот Поп Арсов, тоа го нагласив, дали е сега моментот, или не е моментот, дали е сега моментот Собранието да го признае 23 Октомври, дали е моментот сега на пример да се преименува Скопскиот аеродром дали тие работи. Треба да се има многу државотворна способност и ум за да се свати дека не се работи за наши фрустрации туку се работи за многу опасна тенденција на ослабнување на позициите на Република Македонија. Значи, државотворноста и континуитетот, за тоа зборував, ќе ве потсетам дека како државни празници кои се предложени сосема се во ред значи 2 Август, или 8 Септември, со тоа што ја објаснив позицијата на Албанците итн, во тој континуитет на оваа сосема поинаква Република Македонија одошто што ја имавме во 1992 кога Милошевиќ сакаше како десерт да ја проголта, или кога се договараа со Грците да ја делат. Сега имаме многу поинаква ситуација. Не би требало ние сега сами, јас сум рекол и ќе повторам, грешките на ВМРО-ДПМНЕ народот ќе ги казни, тоа е демократија, затоа што не може цело време да се лаже народот. Ќе дојде време кога народот ќе гледа дали има повеќе да јаде, или дали има повеќе пари од оваа власта. Засега нема, има само зборови и пропаганда по телевизии. Сега се работи за штета која се нанесува на сите граѓани и на целата држава во целина. Затоа што ние сакаме, уште еднаш ќе повторам дека државата е стабилна со внатрешна кохезија. А тука гледаме дека за овие датуми и за дебатите што ги водиме нема никаков консензус, нема ниту внатре коалиционен консензус, нема ниту меѓу партиски со опозицијата, нема ниту меѓу етнички, а нема ниту меѓу религиозен консензус и разбирање. Значи, тоа наведува на тоа мислење дека во име на 309 илјади гласачи не може да се импонира диктат, а тоа води кон аутархија, затвореност и диктатура. Во овој случај иако сме демократска земја, такви случаи има и во други земји, значи на малцинството кон мнозинството граѓани на Република Македонија кои нема да ги почувствуваат празниците како свои. Значи, ако ние сега дадеме пример и покажеме од птичја перспектива дека значењето на Охридскиот рамковен договор е многу поголемо отколку ако се дискутира од жабја перспектива, тогаш граѓаните ќе прифатат и ќе не следат. И да ве потсетам господине Георгиевски тоа што го рековте вчера, значи до пред доаѓање на власт на ВМРО-ДПМНЕ поддршката за Охридскиот рамковен договор според сериозни сондажи и анкети беше 58%. Со доаѓање на власт на ВМРО-ДПМНЕ опадна на 50%. И тоа е загрижувачко, затоа што и сега е краен момент да докажеме и да водиме како Собрание, им се обраќам на пратениците на мнозинството, само да извршуваме една наредба која во врвот на пирамидата доаѓа одреден човек. Значи, јас мислам дека тоа не е во ред. Јас мислам дека со овој пример, затоа што кога се слави еден државен празник како што би се славел 13 Август значи на тој ден се зборува, има разни манифестации, приредби, можеби и доккументарни филмови, се зборува за значењето и на тој начин се пропагира датумот кој би требало не да се вратиме на тие 58% поддршка, туку да достигне 90% поддршка, затоа што секогаш ќе има 10% кои уште сонуваат за други, да ги наречам неохридски македонии. Се уште има некои кои што сонуваат за воспоставување на големи држави и менување на границите. Но, ако ја имаме поддршката во овој случај Владата, на немнозинските заедници за празнување оваа Влада и ова мнозинство, ако веќе има мнозинство за чествување на 23 Октомври што ние немаме ништо против да биде и ден на ВМРО ако е прифатливо за Собранието, за граѓаните нека биде ден на ВМРО како една не како партија, иако реков дека во самиот симбол на ВМРО-ДПМНЕ е 1893, не како партија, туку како движење. Тогаш би требало да се промовира и идејата на континуитетот на државноста и на оваа мултиетничка држава што се обидуваме да ја градиме на Балканот. Времињата беа тешки. Има други модели во опција за Балканот. Оваа ќе биде пресудна година и мислам дека Македонија многу ќе добие не само симболички, туку како чествување на еден модел дури и за Западна Европа. Да не заборавите дека, на пример сега слушнав дека Шпанија и Романија нешто се противат за независноста на Косово итн.

Имаат и тие проблеми. Има проблеми Романија со Молдавија, има проблеми Шпанија со баските, но ако ние даваме еден модел, не само во транзиционите или посткомунистички или земји кои се стремат за интеграциа во НАТО и Европската унија. Ние ќе даваме пример и за другите многу поцивилизирани и понапредни демократски земји, затоа што ако ја испуштиме оваа прилика, а сега не знам дали да зборувам за вашето црно сценариот со вакви документи. Јас сепак сакам позитивно да ве гледам. Не знам дали вие се спуштате на тоа ниво да манипулирате зо вакви работи, или службите ве излажале, затоа што не може со мислење кое не е потпишано, нема ништо, вие да го негирате и суспендирате Охридскиот рамковен договор и дека демократски начини на нашата пратеничка група има, но ние секогаш се обидуваме, мислам на овој мандат, да бидеме конструктивни и нашите големи постизборни дилеми да се обидеме со агенда да ги решиме. ВМРО-ДПМНЕ освен желба за сликање и за промоција на телевизија, немаше желба за вистински дијалог. Не може да се оди на дијалог кога се импонира нешто. За ова јас мислев дека сериозно ќе размисли господинот Груевски, дали 13 август

или поконкретно дали ќе биде прифатен нашиот амандман во врска со Законот за празниците, за 13 август да стане државен празник. Со тоа би промовирале една заедничка држава. Повторувам, не се работи за еден од 27-те празници, се работи за еден многу важен празник и таа поддршка што ја има во Охридскиот рамковен договор да не се обидувате понатаму да ја намалите, играјќи на институвни чувства кои, господине Георгиевски вие многу добро знаете, тие примарни емоции се одлика на примитивност. Можеби во популистичка и демагошка политика тоа се прави, го правеше и господинот Мечијар во Словачка, но кога си замина тој, од тогаш Словачка напредува и стана членка на Европската унија. Ве молам, кажувам да размислите. Не е тоа молење во класична смисла на зборот за мене и за мојата пратеничка група, туку овде се работи за иднината на државата која ќе се одредува, иако една новинарка во едно интервју рече, па колку се тие клучни години, мислам дека беше тоа уредничката на Дневник. Ова е навистина клучна година затоа што, ќе повторам, за идните седум месеци ќе не цени НАТО и ќе ни даде или не покана за 2008 година, ќе се произнесе и Европската комисија. Сега ако го испуштиме овој момент, а со ваква политика јас се плаќам дека си пукаме себе си во нога. Јас мислам дека непотребно ги нервираме соседите кои се членки на Европската унија во име на тие инстиктивно примитивни чувства кои се популистички и даваат резултат за кратко време, но се катастрофални,не само среднорочно туку и долгорочно. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Буџаку ако ми дозволите од ова место да ви реплицирам заради технички причини, мислам да не го интерпретирате тоа погрешно.

Ќе ви кажам дека за разлика од вас јас немам време да бидам толку барокно реторички настроен. Јас ви благодарам за пристапот, а јас морам лапидарно да одговарам војнички, не ми го земајте тоа за зло, затоа што имам само три минути.

Прво, што се однесува до кафето на Весна што беше многу поучне метафора на нашата ситуација, јас не пијам кафе, јас пијам чај. Според тоа не сум на страната ниту на Черчил, ниту на односната дама.

Второ, би сакал да ви се заблагодарам на определена промена, но претходно сакам да објаснам дека јас говорев за перспективи, жабји, птичји и човечки и тоа во смисла на реалитет, а не на хуманитет, за да биде појасна работата. Некои што се идентификуваат со жаби, тоа е нивни проблем. Јас не можам да им помогнам. мене да ме натера некој да се идентификувам со жаба, треба да има два револвера, ама тоа е прашање на карактер. Значи тоа е чиста работа.

Суштината која вие ја покренавте е многу важна и тоа од аспект на реалитет односно од аспект на една човечка перспектива, при што со оваа дискусија се приклучивте на другите мои што не се мои фаворити, ниту сум јас нешто посебно. Јас сум прв меѓу еднаквите и немојте болно да ги земате. Некои пратеници од левицата ми рекоа, еве ние ништо не вредиме. За вас вредат само Рахиќ и Велиу. Не е точно. Ние разговараме како еднакви луѓе.

Она што е кај вас најбитно, во вашата дискусија е таа промена. Во смисла на таа промена јас ви должам одговор зошто јас лично, ќе ви го објаснам мојот став, зошто јас не би гласал за 13 август.

Никаде во мојата литература политичка, а неа ја има повеќе од 2000 страни, но после 13 август неможете да најдете едно зборче против тој Рамковен договор. Прво, заради тоа што тој Рамковен договор е токму толку важен колку вие говоревте за него и второ заради некои мои приватни односи со покојниот претседател. Значи не се работи за тоа дека оваа дата нема вредност. Се работи за една политичка технологија. Знаете вие, Папата за да беатизира некого откако ќе умре 70 години тоа се правело, а да го канонизира 120. Сега се прекрши за Папата Јован Павле Втори беатизиран беше веднаш. Што сакам да кажам.

Сакам да кажам дека 13 август е процес. Тој уште не е завршен. Сите наши дискусии се темелат на оваа премиса дека не е завршен. Јас се надевам дека многу скоро ќе се заврши и ќе се заврши многу среќно и се ќе биде во ред. Затоа во овој мандат, овој наш мандат треба да се заокружи до крај. Откако ќе се заокружи тоа може да биде државен празник, парекселанс. Со други зборови кажувам дека уште не е времето, затоа што не е завршен. Треба да помине малку време да видиме какви ќе бидат реалните плодови. Јас мислам дека ќе бидат добри, но треба да мислат и многу други. Сами рековте дека е 50%. 50% е премалку. 90% е премногу. Во Македонија 90% консензус нема да има никогаш, како што и нема снег оваа зима. Тоа е така. Тоа не е нечија волја. Едноставно нема снег. Но, да се дотера барем до 60% или 65% и тогаш да се даде книга. Значи, немојте да ја правите таа грешка, да го прогласите токму вие за завршен тој процес, бидејќи тој процес незавршен е повеќе незавршен на ваша штета отколку на наша, македонска, иако и ние имаме таму што уште да завршиме, имаме проблеми околу тој процес. Тоа како прво.

Второ, грешката која ја правите, според мене, тоа е дека тоа го пласирате како бенефит на албанската заедница. За да успее вашиот предлог, еден ден, може после три, после пет години, овој празник 13 август да стане празник, ќе треба да го пласирате паметно, како празник на сите граѓани. Се додека го пласирате како празник на албанците, стално ќе има подозирање против кое сте сами.

И, на крајот да ви кажам за овој папир со кој мафтавте спектакуларно, после ќе ве потсетам ескпримата како еден човек од овде мафташе со една касета или слично па видовме како помина. Вие сте интелектуалец, знаете тоа е просто

нонпејпр. Да ви објаснувам вам што е нонпејпр, односно што е парча папир со текст, нептопишано, незаведено и така натаму, е излишно.

Се извинувам во мое име, не во име на мојот соговорник, но го почитувам што извесно време надвор од Деловникот ви одземавме време и што ве натеравте да ја слушате оваа дисиусија која можеби ќе беше интересна и на телевизија.

Сега продолжуваме.

Една минута контра реплика за господинот Буџаку, а потоа господине Алити ќе ви дадам збор за процедурално изјаснување.

Повелете господине Буџаку.

**Агрон Буџаку:** За ова што рековте, нека биде нонпејпр, но ваш. Вие го поделивте.

**Љубиша Георгиевски:** На претседателството.

**Агрон Буџаку:** Јас не знам што е тоа претседателство.

Вие не можете да кажувате дека Комитетот за односи меѓу заедниците, го дава следното мислење. Не се состанал.

**Љубиша Георгиевски:** Ќе ви објаснам што е тоа.Тоа јас го поделив, во 15 примероци, на сите координатори на пратенички групи и тоа не е никаква мистификација.

**Агрон Буџаку:** Јас не реков дека на Охридскиот рамковен договор бенефициенти се само албанците, туку напротив реков тоа што цело време го повторувам и има доказ дека со Охридскиот рамковен договор, а не со Уставот од 1991 година,а кој беше чекор назад од Уставот од 1994 година кој велеше дека Македонија е држава на Македонците, Албанците, Турците и останатите, Уставот од 1991 година кога ние сега независноста ја ставаме како државен празник, велеше дека Македонија е држава на Македонците. Значи не е тој празник, туку Охридскиот рамковен договор кој прави да ја чествуваат оваа држава како своја сите етнички господине Георгиевски.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Процедурално за збор се јавува господинот Рафис Алити.

**Рафис Алити:** Ви благодарам господине Георгиевски.

Прво, добро е кога реплицирате, како претседавач на седницата, нормално да земете збор. Во тоа нема ништо лошо затоа што тоа е право на секој пратеник кој е присутен, а тоа е уредено со Деловникот и сите треба да го почитуваме подеднакво.

Второ, листот кој ни го распределвите на нас координаторите, велите дека е од средба на координаторите, што не е вистина и не држи. Сигурно дека Фијат Цаноски и Фадил Сулејмани не беа координатори. Доколку на тој начин мислите, Комитетот за односи меѓу зедниците, кој за нас е нелегитимен, да го суспендирате, повторно е начин на ваше работење. Но, не е добро да манипулирате со јавноста дека вие го распределивте овој лист на тој начин. Вие треба да разберете дека сте претседател на Собранието и на координаторите на парламентарните групи, од ваша страна не може да се дели писмо кое не е потпишано ниту од службите, ниту од Комитетот за односи меѓу заедниците. Овие работи се доста сериозни, а вие дали ги сфаќате како такви, тоа е нешто друго.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам. Три минути реплика за пратеникот Влатко Ѓорчев.

**Влатко Ѓорчев:** Благодарам претседателе.

Господине Буџаку, во врска со вашиот збор ова повеќе ќе виде техничко појаснување отколку реплика, но во секој случај една суштинска забелешка на работите кои вие ги кажавте, а кои се поврзани со мерењата на рејтинзите, одобрувањето на нечија политика, спротивставувањето и вкупната клима во општеството.

Вие направивте една градација односно 25% рејтинг со 30% одобрување на нечија работа односно имање доверба во нечија работа. Значи треба да има јасна дистинкција. Во анкетите и во методологијата што се прави имаме една работа која се нарекува одбирање на политичарот во кој некои имаат најголема доверба и таму еден политичар во Македонија има доверба од 25%, а сосема друга категорија е дали за некого има позитивно или негативно мислење, дали нечија работа се одобрува или не се одобрува. Значи во тој дел Никола Груевски има рејтинг од 25% кај листата на политичари каде луѓето можат директно да одберат во кој имаат најголема доверба. А во оној дел дали за него имаат позитивно или негативно мислење, односно дали имаат доверба или недоверба, има околу 60%, условно кажано, рејтинг. Чисто за споредба.

Во првиот случај кај имањето на доверба во политичарот во кој имаат најголема доверба, граѓаните на оваа држава во лидерот на опозицијата условно кажано претседател на Македонија, имаат доверба од 3%, а кај позитивно и негативно мислење, македонските граѓани имаат колосални 15% позитивно мислење за Бранко Црвенковски. Значи, уште еднаш да направиме дистинкција меѓу она што се нарекува имање на доверба во нечија политика и имање позитивно или негативно мислење за било која личност, било која политика, или било каков чекор кој треба да се преземе. Значи споредбата е очигледна и станува збор за две методологии во анкетата.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Една минута контра реплика господинот Буџаку.

**Агрон Буџаку:** Јас му благодарам на господинот Ѓорчев и морам да кажам сум пријатно изненаден од овој вид на реплика, затоа што досега имаше други. Второ, јас не сум адвокат и не споредувам ниту со Бранко Црвенковски, господинот претседател на државата, ни со другите. Трето, кога се работи за рејтинг на лидер на политичка

партија, затоа што, сега тоа е работа на спроведување и релативизирање, во довербата има 72% на пример господинот Али Ахмети. Тоа само заради споредување. За другите, можеме да седнеме да ги споредуваме и да кажеме за што се работи. Јас зборував, таа политика краткороно носи поени, но долгорочно, па дури и среднорочно и штети на Република Македонија. За тоа вие треба да размислите, а не дека јас сакам утре да падне ВМРО-ДПМНЕ. Јас мислам дека интересор на Република Македонија е многу поголем од рејтингот на одреден политичар.

**Љубиша Георгиевски:** Блаодарам.

За реплика се јави господинот Веле Митановски.

**Веле Митановски:** Благодарам претседателе.

Не знам коку флоскулата или изразот реплика е соодветно одбрана. Еве нека биде само повод дискусијата на Буџаку, да кажам две три работи.

Јас од принципелна, да кажам, можеби и политичка конзистентност на мојата партија НСДП, нека биде и само поради начинот на донесување на законот во скратена а не редовна процедура, со повеќе читања, господине Буџаку, нема да го поддржам овој закон.

Јас вам особено ве почитувам, претпоставувам дека јас бев првиот новинар по вашето слегување од Шипковица или од доаѓање од Брисел сеедно, во секој случај стојам на тоа дека сте модерен политичар со широко образование и сакам како и вие позитивистички да гледам на работите и тука се согласувам со вас.

Но, сепак, вие не можете да избегнете од фактот дека седите во друштво со поединци кои го доведуваат нашиот европски пат во прашање или можеби не заплашувате, како што беше случајот пред малку, дека тој пат ќе биде загрозен еве дури и со враќањето на хашките случаеви.

Пред малку еден ваш колега рече со тоа не се оди во дваесет и првиот век. Прашањето ако го первертирам би изгледало вака. Дали во 21 век ќе се оди со пергаментите од кожите на работниците од Маврово. Тоа ли би бил нашиот заеднички 21 век и во овој дел сакам да имате разбирање кон стравувањата, да речам, за да ме разберете правилно ќе ви кажам една македонска поговорка која вели: “Поради некој Илија по некој пат се отфрла или стравуваме и од Свети Илија”. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски :** Благодарам.

Контра реплика имате господине Буџаку, повелете.

**Агрон Буџаку:** Јас мислам дека во една ваша колумна спротивно го кажувавте, но не знам на што да сметам кај вашата партија, бидејќи не знам идеолошки каде припаѓате, така што во врска со искажувањата, ние зборуваме за 13 август. Ако зборуваме истовремено за 23 октомври како ВМРО настапуваше на почеток за да стигне до независна Македонија, тоа историски би требало да го знаете. Ние како партија никогаш не рековме, а сите сме заедно тука , не сме поделени на модерни и не модерни, сите сме кажале дека го признаваме Хашкиот трибунал и сите тие злосторства против човештвото кои ќе ги оцени Хашкиот трибунал. Не бегаме од тоа, се што е злочин и непочитување на правилата на војната нека се осуди, а ние зборувавме за 13 август така што не би требало историски да се враќаме и да негираме што направиле ВМРО-ците кон крајот на 19 и почеток на 20-от век.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот Сафет Незири, повелете,

**Сафет Незири:** Ви благодарам.

Иако едно време мислев дали треба да дебатираме по однос на оваа тема и дали треба некому да образложиме во врска со оваа тема односно во врска со овој поднесен амандман дека на еден или друг начин се настојува на овој значаен историски датум да му се даде еден заборав за што мислам дека не е во ред.

Гледајќи од овој аспект на гледање можеби е јавена една голема носталгија и голем страв меѓу пратениците, но, за жал, по се изгледа ова се одразува и меѓу нашите граѓани. Сите овие полемики, расправи, дискусии за и против поднесениот амандман, верувајте ми меѓу нашите граѓани се јавуваат овие појави врз основа на нашите дискусии, врз основа на нашите политички ставови.

Сакам да ви укажам вам како претседавач се разбира и ние како претставници на народот на некои од нас, но по се изгледа на мнозинството од нас присутни овде некој ќе не суди, некој ќе не обвини, но не сега, туку подоцна како што ние ги судиме и ги обвинуваме некој кој работел пред 20, 30, 5 години за нивните сторени дела.

Се поставува следното прашање, бидејќи сме најповикани во ова Собрание како претставници на народот за да елаборираме и образложиме и да му дадеме позитивна димензија на амандманите и законите не само во однос на 13 август како датум, како ќе се толкува сето ова во иднина.

Сведоци сме на многу случаи, бидејќи голем дел од основното, средното, Универзитетот го имаат завршено до 1990 година, некој и по 1990, а некој пред 1990 година, секогаш сме биле образувани инспирирани, можеби погрешно за многу настани, мислам на историски било од политички карактер, национален карактер, културен итн.

Јас мислам дека сме ние најповиканите во однос на тоа да дадеме една насока на нашето општество мултиетничко и мултиконфесионално во насока на интеграција на Македонија внатре во државата и понатаму на друго место. Се поставува прашањето, бидејќи имаме големи разидувања меѓу нас како политички субјекти, но и како луѓе меѓу себе имаме разлики како ќе го земеме како готова материја овој историски настан мислам на нашите историчари или т.н. историчари кои со децении ја злоупотребиле нивната положба, нивната научна дејност за разни настани значајни од историјата каде во

конкретниот случај ќе го земам 23 октомври кога е основана Македонската револуционерна организација каде и ден денеска постоја големи разидувања, можеби политизирани за тежината и значењето на Македонската револуционерна организација. Нашите претци од тоа време биле како и ние денес со големи политички разидувања, големи национални разидувања, големи културни дивергенции, а јас мислам дека такво нешто не смееме да на правиме. Иднината на Република Македонија можеби зависи во целост од тоа како ние ќе се споредиме од политички аспект, од национален аспект, ќе се построиме во насока на општественото уредување на Република Македонија.

На пример јас како педагог кој 10 години сум работел, а можеби и утре ќе продолжам како педагог како ќе ги инспирирам моите ученици, моите деца, моите наследници во насока на тоа каков придонес сум дал и моите другари во овој Парламент, без оглед дали се говори за 13 август 2001 година, дали се говори за друг значаен историски датум, дали се говори за нешто друго што е од животно значење за иднината на Република Македонија. Јас мислам ние овде како пратеници имаме голема вина, голем товар, бидејќи не сме подготвени да се сослушаме, не сме подготвени да имаме толеранција, не сме подготвени да се разбереме едни со други и на крајот на краиштата не сме подготвени да ги разбереме разликите меѓу едните и другите. Не дека треба да се сакаме меѓу себе, бидејќи е лично и емоционално на секој од нас поединечно, но мислам дека во Република Македонија треба да се почитуваме взаемно. Да не ми замерат другите етнички заедници, но двете најголеми заедници Македонцките и Албанците сносат најголем товар. Мислам дека само по себе артикулираме, сакале или не, една криза која изгледа површна, но се што беше површно во минатото подоцна излегоа како длабоки работи. Велам за жал, мислам дека овој датум 13 август за некого е трн, за некого богатство, имот. Јас мислам дека 13 август за никого не е ниту трн ниту богатство, туку 13 август за мене лично е перспективата на Македонија, перспектива на сите граѓани на Република Македонија.

Од сега апелирам јас како пратеник и како човек најпрвин како Сафет Незири не алудирам на тоа 13 август да има најголема тежина кај Албанците, а помала тежина кај Македонците, сосема мала тежина кај другите етнички заедници.

Јас Република Македонија ја чувствувам како сите граѓани, но жалам што треба да нагласам дека сосема поинаку ме разбирате и имате визија во однос на нас и како етничка група, но и како парламентарна група. Република Македонија е наша заедничка држава, јас немам каде да одам од Македонија, нема каде да оди никој, бидејќи Република Македонија е моја држава како и на сите други. Затоа мислам дека овие датуми кои ги предлагаме некој треба да ги предложи а дали ќе ги предложи некоја друга етничка група или политичка група никој не смее да и стави етничка боја или верско обележје, бидејќи Македонија не е толку голема држава па некој да прави салто мортале со своите политички движења.

Ова е еден сегмент или еден елемент од моето излагање, на еден начин ние одиме кон зајакнување на државата, одиме во насока на зајакнување на реформските процеси што е услов и предуслов за секое натамошно прогресивно движење на Република Македонија не само во регионот, туку и пошироко. Процесот на економскиот развој покажува дека едно мало поместување со различни политички размислувања странските инвеститори ги засега дали Република Македонија е стабилна и дали ќе биде стабилна доколку некој мисли малку поинаку на политички начин од друг, во конкретниот случај тие што се во мнозинство партиципиенти на оваа Влада.

Ние имаме голем товар и нашата дискусија дека сме за тоа дека Република Македонија е и наша колку и на другите, ова само по себе укажува дека наш интерес е економскиот развој, политичкиот развој на секој граѓанин во Република Македонија е заеднички интерес на сите нас.

Ние и како етничка група во Република Македонија имаме обврска и долг да го помогнеме процесот на интегрирање на Македонија во Европската Унија и НАТО структурите. Но, што е најважно нашата обврска е во однос на сите граѓани, без разлика на нивната етничка припадност е да продолжиме и понатаму со нашиот соживот на сите етнички групи.

Јас мислам дека нешто вакво како 13 август што го предлагаме покажува еден унитет на Македонија, еден соживот во Република Македонија. Можеби некој друг требаше да го предложи овој датум, можеби воопшто не требаше ДУИ и ПДП да го предложеа 13 август како државен празник, туку како знак и симбол на тоа што се вика толеранција, соживот, можеби требаше да се предложи од парламентарното мнозинство и од извршната власт. На овој начин фактички ќе ги отстраневме сите дилеми кои надвладуваа во нашето его како пратеници, но и во однос на сите граѓани на Република Македонија. Со тоа ќе им се укажеше дека парламентарното мнозинство, најголемата етничка група во Република Македонија, Македонците нашле заеднички јазик, се чувствуваат како толерантни во однос на другите етнички заедници, се чувствуваат себе си како одговорни број 1 за соживот и економскиот, политичкиот, културниот, научниот, социјалниот и било каков развој на Република Македонија, бидејќи ние сме клучната локомотива која ги носи и влече сите вагони назад.

Но, за жал, тешко ми е да го кажам тоа, но оваа одговорност на државата, ова е мое лично мислење, сега за сега отсуствува од парламентарното мнозинство и еден дел кај Македонците, што не треба да биде.

Еве сега Курбан Бајрам не е државен празник за да го познава јавноста, туку се говори за празник на Република Македонија, но почитувани колеги сакам да ви укажам дека Албанците во Република Македонија најпрвин се идентификуваат со поимот нација, а понатаму со верата, а не најпрвин со верата, а понатаму со поимот нација.

Верата на која и припаѓаат Албанците и припаѓаат и Македонските муслимани, Турците, Бошњаците, Ромите, можеби сум заборавил некој да спомнам да не мизамерат, но ова значи дека еден дел од елементот или позитивен сигнал на нашиот соживот во однос на иднината на Република Македонија беше потребно и требаше еден национален празник кој гравитира во Република Македонија да се прифати или предложи од страна на Владата како државен празник на Албанците и понатаму Македонците и другите етнички групи да го слават заедно со нас, како што ние Албанците на пример утре кога ќе видиме дека е разумно и оправдано да го славиме заедно со Македонците и 23 октомври, нема ништо лошо во тоа. Но, секогаш треба некој да попушти, секогаш треба некој да му понуди некому соработка, а таа соработка треба да ја понуди тој што има поголема одговорност во однос на државата.

Ќе поставам уште едно прашање. Кому и зошто му пречи овој датум? Сеуште не сум слушнал еден елаборат дали е за или против и од парламентарното мнозинство и од Македонскиот дел на пратениците да има излагање и да ни кажат зошто овој датум треба или не треба да се празнува. Зошто треба да се прифати или зошто да се отфрли како амандман, па да го слушнам и нивното мислење дали се една гласачка машинерија која на пример од раководната пирамида налага и треба да работат вака или на овој начин.

Барам од парламентарното мнозинство да го елаборира сето ова, се разбира по можност, па јас ќе се надоврзам на вашиот говор господине Георгиевски каде рековте дека треба да помине еден историски период, да легнат историските датуми, да паднат на земја и понатаму да се даде историско значење. Јас се согласувам со вас во овој дел, бидејќи сум педагог или професор по историја, но треба да споредиме некои работи поинаку.

На пример, 8 септевмри е денот на независноста на Република Македонија по референдумот и веднаш наредната година се празнуваше како ден на независноста. Да кажам за јавноста, а вие знаете и подобро дека во текот на референдумот, за да се изгласа референдумот стоеше, иако не можам да го дадам целиот цитат, за независноста со право да се приклучат кон некоја идна Југословенска федерација. Ова не е точен цитат, се извинувам за тоа, но тоа се три точки и ден денес таа верзија е отворена, можеби ќе биде Југословенска конфедерација или Балканска конфедерација која ја промовира и Македонската револуционерна организација. Доколку не може да се припојат кон Бугарија, ако не може да има автономија во рамките на Османската империја, можеби најприфатлива е идејата за Балканска конфедерација. Но сега како ќе се слави 8 септември, се уште е отворена теза, значи, во Македонија се уште и понатаму постои идејата, можеби во иднина да се припои на некоја конфедерација и можеби ќе се надоврзам со 13 август. Ова е идентичен датум, дури 13 август е завршен датум, нема ниту припојувања или други работи. Тоа е завршено и фала му на господ со политички и етнички консензус, со попуштање од една и друга страна и ова е еден стабилен датум. Ако направиме еден научен осврт на 8 септември, ако расудуваме на овој начин од историски научен аспект треба да ги мериме работите малку подобро и да дадеме една подобра анализа. Секогаш треба да ги споредуваме работите, да споредуваме еден со друг датум за да биде истиот поприфатлив.

Како Парламент по 20 или 30 години ќе не обвинат и ќе ни кажат вие сте тие кои не произведовте енергија и позитивен дух не само во однос на овој датум, туку и во однос на други датуми поврзани со Албанците кои живеат во Македонија. Не би сакал да должам, мислам дека бев јасен во овој дел на мојот став, пред се како човек и како Сафет Незири, а понатаму како политичка определба, национална, верска итн. Ви благодарам за вниманието.

**Љубиша Георгиевски:** За збор се јави пратеникот Нежмет Мустафа.

Повелете имате збор.

**Нежмет Мустафа:** Ви благодарам почитуван претседателе.

Морам искрено да ви кажам дека со вашиот говор некои дилеми кај мене и во концептот на моето настапување се променети, бидејќи имавте јасен сигнал и јасна порака зошто по вашата аргументација не би требало сега да се прифати овој празник, кога е во процес на имплементација. Во изминатите неколку дена ни беше мака, бев во една шок ситуација од многу тешки изјави, од многу ранливи изјави и не можев да го сфатам контекстот и концептот на многумина пратеници кои стојат од другата страна на овој амандман со неговото неприфаќање. Иако лично сметам дека вашите пораки и вашата изјава носи дополнителна позитивистичка аргументација, по сето она што вие го рековте сметам дека со други зборови му сервиравте на мојот ум дека постојат сите услови и дека постои сета хармонија особено сега во Република Македонија да се постигне една вечна желба и перспектива на Македонија со својот мултиетнички концепт за Македонија со сите заедници на Македонија, кога еден ден сите можат да се дружат и да си делат меѓусебни телеграми поздравувајќи го овој празник како празник на нивата визија и на нивната перспектива, а сега да говорам посебно од аспект на ромската перспектива, ден кога можам на сите локални лидери, на вас како претседател на Собранието, на претседателот а Република

Македонија, премиерот на Владата на Република Македонија да им искажам честитики за можноста на Ромите во процес да ја елиминираат својата тивка дискриминација, да ги елеминираат своите гета каде што живеат, на Ромите во процес кои можат да го подобрат своето образование и да бидат, како што рековте пред малку еднакви меѓу еднаквите. Јас сум уверен дека говорите, на кои и денес се сеќаваме, дури и денес се сеќаваме на прекрасните говори на Мартин Лутер Кинг, на состојбите на американските црнци, кога говорел во однос на нивната дискриминација и расизмот кон нив, но исто така почитуван претседателе  и на самиот Махатма Ганди кој имал визија за една прекрасна Индија. Мислам дека тука вие се совпаѓате и со вашат визија за она што не рековте дека не треба да се почитува овој празник или не треба да се прифати овој празник, туку вие сметате дека не е вистинско време кога треба да се прифати овој  амандман и да биде ден на сите граѓани, ден на сите заедници, ден кога сите можеме да славиме заедно со мешовита програма, ден кога можеме во еден час да слушнеме албанска, ромска, бошњачка, српска, македонска и друга музика, фолклор и театар.

Од тие причини, уште еднаш сакав да ви сигналзирам почитувани мои колеги дека од таа перспектива, од тој агол јас го давав мојот глас и сакам на овие ранливи моменти, на овие тешки моменти да го привлечам вашето внимание, да потсетам на обраќањето на покојниот претседател Борис Трајковски на 31 август 2001 година. Имено, во првата реченица на неговото обраќање рече: Во историјата на секоја земја има време кога народот треба да донесе тешки одлуки. Значи ние сите како следбеници на неговата мисла, мислата на покојниот претседател Трајковски, како следбеници на креирањето на полтиката  на Рамковниот договор имаме силна одговорност, тивка, гласна или било каква, но во секој случај имаме силна одговорност овој амандман да го прифатиме од многу причини. Мислам дека дури не било потребно три четири дена да се посветат на дебата и дискусија за овој амандман кога на сите потајно во свеста ни лежи дека тоа е убавината и тоа е љубовта на Македонија. Јас не можам да излезам надвор од контекстот на овој празник кога токму овој амандма, токму овој договор кој што се постигна во Охрид, на мене, на ромската заедница, секако и на сите други заедници ни го отвори патот на нашата перспектива, ни го отвори патот кон оваа наша нова Македонија, во која денес го почнуваме патот на нашата интеграција. Денес со гордост, иако во доста мал процент, можам да кажам дека нас Ромите не има и во извршната и во законодавната власт. Тоа значи дека идејата и перспективата на оваа држава е токму да се постигне тој момент, кога сите граѓани ќе се чуствуваат среќни и кога ќе дадеме се од себе да го деетнизираме македонското општество, да направиме вистинско граѓанско цивилно општество, да направиме општество во кое нема да се разликуваме по етничка припадност, туку мотивот на сите граѓани ќе биде Република Македонија. Навистина не разбирам од кои причини се потребни тешки и ранливи изјави.

Сега во овој момент сакам да кажам - штета што тука не е присутен почитуваниот пратеник Никола Поповски, иако сум во коалиција со нив - вчера во неговото набројување пратеникот Поповски во така огорченото набројување на празниците на заедниците остави кај мене впечаток дека почитуваниот пратеник дека има етно фобија од празниците, за кои сите решаваме дека ќе треба да бидеме среќни и со еден наш карактеристичен етнички празник. Тука нема лошо, тука нема ништо што може да не одалечи, нас личноста не одалечува. Почитувајќи ја нашата различност, со тоа можеме слободно да тврдиме дека и нашите деца можат по нашите дворови да играат фудбал, да се дружат, да одат по дискотеки итн.

Почитуван претседателе, уште еднаш сакам да искажам дека ни го изменивте концептот со вашата позитивна изјава, со која мене ме охрабрувате со изјава дека доколку денес тоа не се направи, еден ден ќе се оствари дека овој празник ќе има една општа согласност. Од неразбирливи причини, сега кога постои прекрасна атмосфера, денес кога можеме да се гордееме со тој Рамковен договор, тоа е нешто што е во процес и самиот претседател Трајковски рече дека тоа ќе биде еден историски процес во неговата имплементација. Сите ние сме согласни дека тоа не е нешто што ќе можеме да го оствариме преку ноќ, дека политичките права не се остваруваат за 24 часа, дека тоа е процес во кој се бара и политичка желба и политичка артикулација, но секако и позитивни сигнали од заедницата која застанува зад аспирацијата, односно застанува зад барањето за рамноправност на сите заедници. Во тој дух и од таа страна јас сум среќен кога говорам и пред оваа говорница, јас сум среќен кога ги слушам вашите космополитски настапи, јас сум среќен кога слушам и од другите пратеници ставови дека можат моите деца, мојата фамилија, моето семејство, мојата заедница и мојот народ да бидат среќни од сигналите што се даваат токму од законодавниот дом дека Собранието на Република Македонија има слух, има чувство за овој амандман и пратениците, без оглед дали се од позиција или опозиција - почитувани колеги пратеници, ова не е некој партиски документ за кој треба вие да дадете согласност, ова не е содржина на Програмата на ВМРО-ДПМНЕ и ДПА, но кои треба да го дадат својот позитивен сигнал во остварување на силниот мултиетнички дух со овој закон. Навистина тука не гледам дека можете да се косите со вашите програмски настапи. Токму обратното, а обратното е она што можеме сите тука да го дадеме како сигнал и повторно велам, овој сигнал е пред се за нас но и за граѓаните, бидејќи многу почесто пред интересот на нашите граѓани ги употребуваме интересите на меѓународната заедница или на не знам на кој фактор. Пред се, тука се задоволува интересот и епитетите на македонските граѓани. Кога велам

македонските граѓани, сметам дека ми го разбирате контекстот. Од овие неколку примери навистина би сакал да верувам дека може да се промени ставот и нашите сфаќања, да ги промениме во однос на општите интереси, во однос на општите интереси, во однос на општата прогресивност на нашата држава. Сметајќи дека не ви одземав многу време, ви благодарам на вашето трпение и навистина од се срце би сакал да ми простите доколку навлегов во некои аспирации и доколку навредив некоја политичка или идеолошка смисла. Благодарам на вашето трпение.

**Љубиша Георгиевски:** И јас ви благодарам.

Дај боже да заслужувам 10% од комплиментите што ми ги доделивте, ќе бидам пресреќен.

За реплика се јави пратеникот Шабан Салиу, повелете.

**Шабан Салиу:** Ме разочарува и изненадува лицемерното и неаргументирано подржување на пратеникот на амандманот. Колегата е контрадикторен на самиот себе, со неговите изјави до вчера тука во Собранието, на Комисијата, на семинари и средби. До вчера колегата се плашеше од бинационалниот карактер на државата, дека ова ќе стане држава на македонскиот и албанскиот народ, дека ромската заедница ќе се изгуби и ќе се продлабочи јазот, но од ненадеш сега одиме на едно филозофирање, односно продавање на ефтина излитена демагогија.

Јас би го запрашал мојот колега што добил ромскиот народ од Рамковниот договор осевен оние ромски бегалци од Гостивар, Тетово, Радуше и Теарце? Поголема сиромаштија, необразованост и слично. Зошто почитуваниот колега не успеа за време на неговиот мандат во 2000 - 2006 година ниту еден процент од одредбите на Рамковниот договор да ги имплементира и колку проценти од донесувањето на Рамковниот договор се имплементирани на ромската заедница.

Потоа, каде ја гледа неговата примена, соодветната и пропорционална застапеност на Ромите? Во градовите каде што нема ниту еден Ром вработен? Во општините каде што луѓето живеат во голема сиромаштија и беда?

Од тие причини Рамковниот договор од формално правен аспект го почитувам и подржувам, меѓутоа неговата имплементација, апсолутно не ја почитувам. Ако од денес почнува Рамковниот договор, јас се срамам од имплементацијата која беше од стана на Муса Џафери. Јас очекувам оваа реплика да ја слушне и господинот Имер Селмани, кој е одговорен за имплементацијата на Рамковниот договор. Кога ќе видам дека Рамковниот договор се иммплементира и еднакво се применува согласно уставниот принцип подеднакво врз субјектите во државата, тогаш ќе дадам апсолутна подршка на овој амандман и со ќеф ќе го славам.

Меѓутоа, јас би порачал да не се плаче врз туѓи гробови, да не се прави некој поголем католик од папата, да си гледаме во своите идеали, а не во други. Од друга страна, јас би сакал да им честитам на Албанците за степенот на имплементација на Рамковниот договор, а колегата само би го потсетил дека во септември месец имаше еден конкурс од 20 кандидати за царина, но ниту еден Ром немаше. Тоа е сега во поново време. Во старата Влада се бараа 600 кандидати, но од 200 кои се примени ниту еден Ром нема. Каде е тука Рамковниот договор.

Затоа нема да го подржам овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика за господинот Нежбет Мустафа.

Повелете една минута.

**Нежбет Мустафа:** Јас навистина жалам за темните сфаќања на господинот Шабан Салиу и на неговата заблуда што не може да не следи во моите дискусии. Јас не ги увеличувам резултатите на Рамковниот договор почитуван Салиу. Во моите излагања дадов сигнали за величината на овој празник во перспектива што може да донесе за сите заедници. Значи вие со вашите реплики влегувате со една силна неаргументираност во одговорите спрема мене и целосно се согласувам дека Рамковниот договор во изминатиот период во однос на ромската заедница не се исполни. Сметам дека како пратеник може да влезете во вашиот компјутер и да ги земете сите стенограми од изминатиот период, па да видите дека говорам дека треба посериозен пристап да се има кон ромската заедница и во однос на имплементирање на Рамковниот договор. Во тој правец, ве молам да се преиспитате кога земате реплика на мое излагање.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Сега има збор господинот Фадил Сулејмани. Господине Сулејмани дали ви се доволно овие 9 минути или ќе зборувате после паузата. Можете и после да продолжите, но моја должност е да ве прашам.

**Фадел Сулејмани:** Доволно ќе бидат овие минути.

Почитуван господине претседател, почитувани пратеници и госпоѓи пратеници, ве поздравувам сите.

Така како во секое место или земја во светот, така и во македонското поднебје во минатото се случиле многу настани, историски, културолошки, верски, исто така се раѓале и многу личности. Земено се заедно, сите овие настани и личности кои придонеле за културниот, историскиот и верскиот развој на оваа земја само го афирмирале тоа на некој начин, таа култура, материјална и душевна која се створила од народите на оваа земја, истовремено била не само богатство на тие народи кои се идентификуваат со тоа, туку и богатство на земјата во која живеат.

Затоа сите овие историски настани и овие поединци, ќе го спомнам Ферид Мурати, кој што е нобеловец од Гостивар, потоа Мајка Тереза, Пјетар Богдани, кој што служел во Скопје како поглавар на Православната црква, потоа и Јосип Вагер и десетици и стотици други личности, сите дале нешто за оваа земја. И сите овие настани и личности имаат свој историски значај, или пак тежина и не може да се каже дека не можат да се земат и како празници на народот кој што го карактеризираат, или како државни празници на Македонија. Тие се толку многу, што се неколку пати повеќе, отколку деновите на една година.

Меѓутоа, ние тука треба да бидеме поконструктивни, порационални и со нашите дискусии треба да придонесеме кон прашањето, дејствувањето и работата на Парламентот и да чекориме напред, затоа што имаме уште многу работа, обврски и задачи кои што не очекуваат. Конкретно, доколку се земе конгресот во Битола на азвуката на албанскиот јазик, тоа е значаен историски, културолошки настан кој што се случил на поднебјето на Македонија во Битола и ова има свој посебен значај, затоа што тука се прави унификација на една азбука за сите Албанци, независно од тоа каде живеат во светот. И тоа време било многу рано и значајот е толку поголем 1908 година. Потоа, имаме и унификација на двата најголеми дијалекти на албанскиот јазик каде што се случи во Тирана во 1972 година. Потоа, на 23 ноември и ова има голем историски значај. Потоа да се земе и Тетовскиот Универзитет на пример, кој што исто така има голем историски значај. Образовен, културолошки и уметнички значај. За прв пат во историјата на оваа земја им се дава можност и на Албанците за едно сестрано образование, масивно образование, бидејќи таму тие почнаа да учат на својот мајчин јазик. Денес тој е отворен не само за Албанците, туку и за Македонците и за сите граѓани кои што живеат во Македонија, кои што ги исполнуваат условите за студирање и за работење во овој Универзитет. Значи, доколку не државени, барем заслужуваат да бидат национални празници, неработни денови, кои што ќе се празнуваат. Конкретно зборот ми е за Конгресот во Битола, кој што јас го поздравувам. Во оваа земја ниту една Влада порано не пристапила кон ова прашање со сериозност и со конкретна работа, како и оваа актуелна Влада. Значи, за прв пат се прави тоа. Значи станува објект на студирање, на разгледување и настаните за другите народи на Македонија да се објават како празнични денови, било тоа да се државни или национални. И тоа е за поздравување, што Конгресот во Битола ќе се празнува, исто така и Бајрам како настан, како една душевна национална работа за нашите граѓани што се со муслиманска вероисповест.

Што се однесува на Охридскиот договор, реков и порано дека во оваа земја поминале многу народи, имало многу идентитети и склучени се многу договори за мир, имало многу војни и тн. Значи, и овој настан Охридскиот договор беше тука кажано и јас се согласувам дека можеби сеуште трае овој процес, дека сеуште се спроведува. Значи, се уште тече од ден на ден се повеќе и повеќе. Можеби треба уште малку време да узрее и јас би рекол дека ќе биде многу оправдано да се посвети во една блиска иднина, или пак во подалечна иднина една седмица или пак симпозиум научен и да има третман од страна на експерти од соодветните научни области и така научно, објективно да се донесат заклучоци од овој Охридски договор, било да се тие и негативни, или пак позитивни и да не инсистираме тука, затоа што за да биде еден празник со национален или државен карактер треба да има консензус. И тука во парламентот, било да е тоа политички или етнички консензус од една сесија, или симозиум да произлезат резултатите. Не спорам дека може да бидат и негативни, значи имало и добри и лоши страни, а потоа, верувам дека во иднина тоа може да се објави како државен празник. Немам ништо против тоа. Благодарам што ме сослушавте.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

(Предлагам пауза за ручек до 15,00 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,07 часот).

**Садула Дураку:** Продолжуваме со седницата.

Има збор пратеникот Зумрете Јакупи, повелете.

**Зумрете Јакупи:** Почитувани пратеници,

Со нашиот предложен амандман, како еден од изготвувачите и потписници на овој амандман бараме во членот 1 по алинејата 2 да се додаде алинеја 3 која вели: “13 Август Ден на потпишување на Охридскиот договор”. Да се додаде ова, бидејќи јас мислам, дека како и 2 Август, Ден на прогласување на Крушевската Република, треба и 13 август, Денот на потпишувањето на Охридскиот рамковен договор да стои во овој закон. Да биде државен празник на Република Македонија. Овој Договор, консензуален договор е потпишан во времето кога конфликтот можеше да ескалира во една општа граѓанска војна.

Наспроти ова, со помош на Европската унија се постигна консензуален договор што беше камен теленик на мирот, стабилноста, што овозможи еден соживот, меѓуетничка толеранција, отворајќи перспективи на взаемна толеранција и взаемна доверба, взаемна соработка меѓу сите етнички заедници во Република Македонија. Овој ден има посебно значење во поновата историја на Република Македонија.

На тој ден се разви децентрализацијата, имавме подобра и правилна децентрализација, подобра постапка во образованието, во однос на употребата на јазиците и искажувањето на националниот идентитет. Со спорењето на овој ден земаме ретроградна насока, настојувајќи да се вратиме во хаотичната состојба кога постоеше дискриминација на нашето население од секој аспект, сметајќи се како граѓани од втор ред.

Затоа сакам да подвлечам дека Охридскиот рамковен договор, врз чија основа во Република Македонија се создаде еден правен фундамент со што ќе се овозможи една уставно правна состојба и понатамошно унапредување на односите во однос на сите Албанци и други етникуми во Република Македонија.

Ова мое мислење за создавање правна основа, уставно правна состојба на Албанците во Република Македонија ја поткрепувам со уставните измени и законските измени што се направија и треба да следат, со цел за усогласување на Уставот и законоите со Охридскиот рамковен договор. Но, не треба да заборавиме дека уставно правната состојба на Албанците во Република Македонија е неделив дел од позицијата на Албанците, неправно одделени од нивниот столб. Значи под матичната држава, кои под ропство на колони, под колонијалната славска окупација треба да се борат за нивните елементарни права, национални, индивидуални за да опстанат.

Уставно правната состојба и позиција на Албанците во Република Македонија подобро ја забележуваме третирајќи го ова од историски аспект. Само на овој начин се забележува падот или подемот во нејзината историја.

Во времето на Крушевската Република во 1903 година, албанскиот народ од овие подрачја имаше поунапреден статус, статус на државотворен народ. Статус што не се призна во сите подоцнежни периоди. Во рамките на Крушевската Република, Албанците и Власите се застапени на рамноправен начин со Македонците во Републичкиот совет што беше составен од 60 членови и тоа 20 Албанци, 20 Власи и 20 Македонци. Ова начело беше спроведено и во извршните органи на таа привремена Влада. Беше составена од 6 члена, исто така двајца Албанци, двајца Власи и двајца Македонци. Крушевската Република, што живееше само 10 дена, тие решенија никогаш не се спроведени во Македонија, иако требаше да биде модел на нашиот соживот, на нашето општество и државата, нашата заедничка држава на овие етникуми.

Уставно правната позиција на Албанците во Република Македонија во текот на НОБ и после НОБ не беше ниту одблиску слична со таа од Крушевската Република. И, наспроти заедничката борба за национално ослободување, за социјално ослободување, оваа нерамноправна позиција ја промовираат уште од почетокот и во Декларацијата на АСНОМ. Наместо рамноправност за сите, содржи само неколку гаранции за немакедонските националности.

Позицијата на Македонците во Македонија по НОБ беше поинаква, забележувајќи еднаш поунапредена, а друг пат оспорување на правата на Албанците и непочитување на нивните права, кога тие права беа утврдени со Устав. Често доаѓаше до израз и непочитување на Уставот од тоа време.

Оваа определба на статусот на Албанците зависеше од ограничувањето на внатрешниот суверенитет на Република Македонија врз основа на дотогашните услови, но и врз основа на статусот на Албанците во Косово, во поранешната југословенска федерација. Со првиот Устав на Република Македонија, како Социјалистичка Република Македонија во 1946 година правата на националностите се гарантираат на сличен начин како со Декларацијата на АСНОМ, со едно настојување за нивно проширување и неколку политички права, национални, културни и образовни.

Со Закон, од Уставот од 1953 година не само што не се врши ова проширување на правата на Албанците, туку напротив, после овој период, од аспект на практично реализирање, се повеќе доаѓа до израз стеснувањето на овие национални права на Албанците. Се вршат големи деформации врз национална основа.

Со Уставот од 1963 година, кога се гарантираат правата на другите националности, но напротив тие се ограничуваат како права на работниот народ. Што значи дека деградација на уставно правната состојба на Албанците во Социјалистичка Република Македонија од тоа време. Само по Пленумот на Бриони 1966 година, каде се обелоденети и критикувани овие деформитети во однос на Албанците, и се расправа за нивните права во републиките и покраините од тогашна Југославија, со уставните промени, со носењето на амндманот за Уставот од 1963 година, каде на Албанците од Македонија им се враќа и дава правото да бидат еднакви во таа Социјалистичка Република Македонија, да бидат еднакви во сите области од општественото живеење. Значи, амандманот за којшто говорам, тоа беше Амандман 17 на Уставот на Социјалистичка Република Македонија со кој се утврди дека народот во Македонија и националностите и етничките групи во Македонија да бидат еднакви и рамноправни и да бидат со исти обврски и права. Овој амандман подобро се конкретизираше во Уставот од 1974 година, со кој се гарантираше една поунапредена позиција во однос на Албанците и другите националности во Социјалистичка Република Македонија.

За разлика од Уставот од 1946 година, Законот од Уставот од 1953 година и Уставот на Република Македонија од 1963 година, со Уставот од 1974 година Албанците се изедначуваат со Македонците како државотворен елемент, како конститутивен елемент на државата и со овој Устав од формален аспект имаме едно унапредување. Правилно унапредување на употребата на националните симболи како налокално, така и на централно ниво.

Но, наспроти овие формални права на Албанците, санкционирани во Уставот од 1974 па до 80-тите години, за Албанците во Република Македонија, тогаш Социјалистичка Република Македонија отпочнува еден од најтешките периоди во нивното национално битие. Во текот на овој период се

обновува ставот, дискриминаторскиот став во однос на Албанците. Доаѓа до убиства, нивно приведување, затворање и секогаш со политички мотиви. Под парлата против национализмот и албанскиот иредентизам.

Во тогашна Социјалистичка Република Македонија, како и на Косво во Србија и во Црна Гора, во суштина, ова не беше една војна, туку се водеше војна против Албанците во целост и против албанската интелигенција особено. Затоа, не требаше да се изненадиме што во овој период најмногу се погодени образовните институции и интелектуалците кои работеа во тие институции. Но, под овој изговор, преку политичка диференцијација стотици Албанци се отпуштени од нивните работни места, како непогодни, идеополитички непогодни. Сето ова се правеше со цел за уривање на уставно правната позиција на Албанците, усвоени со Амандманот во Уставот од 1974 година, уставно правната позиција што ја имаа Албанците во тогашна Социјалистичка Република Македонија, според Уставот од 1974 година.

Според Уставот од 1974 година што траеше до 1989 година, кога се донесе Амандманот 56 за Уставот на Република Македонија, со ова Албанците, но и другите националности не заостануваа. Говорам во Република Македонија. Не се признаваат како државотворен елемент.

**Бесим Догани:** Би ве замолил повеќе да се задржите на текстот.

**Зумрете Јакупи:** Се извинувам, неопходно треба преку овој амандман да ја вратиме нашата историја што секогаш доаѓа до израз и се повторува. Треба да учиме од нашето минато.

**Бесим Догани:**Тоа како дошло до Охридската спогодба. Но, ве молам повеќе да се придржувате кон амандманот отколку до историјата. Благодарам.

**Зумрете Јакупи:** Од ова можам да заклучам дека во целиот социјалистички период Албанците беа нерамноправни во Социјалистичка Република Македонија. Со ова, во сите области од општественото живеење.

После падот на социјализмот и создавање на независна и самостојна Република Македонија, уставно правната позиција на Албанците не се подобри. Напротив, дури и понатаму се подри. Со Уставот д 1991 година Република Македонија се констатира како суверена и независна држава, еднонационална, како државотворен елемент се признаваат само Македонците, запоставувајќи ги другите националности, а во прв ред Албанците кои се 1/3 од населението во Република Македонија. Оваа позиција и после 10 години, после 10 наредни години од политичкото живеење во услови на плурално и политичко живеење не се подобри на ниту еден начин.

Македонската политичка гарнитура ова увствително прашање го оцени и го наметна само од аспект на национализмот, славомакедонскиот национализам. Овој третман доведе до нерамноправност, длабока нерамноправност на Албанците во Македонија. Како резултат на овој став, во летото 2001 година, во Република Македонија ескалира состојбата на вооружено востание на Албанците. По ова почнаа да се развиваат позитивни процеси во насока на унапредување на уставно правната позиција на Албанците, со цел да се обезбеди нивна рамноправност и еднаквост.

Иако, на овие теми Македонците и државните институции и научните институции не сакаа да говорат долго време, но повторно некои од нив, иако ретки, ги третираа овие прашања и односите помеѓу Албанците и Македонците во Република Македонија со време ја искажаа нивната загриженост за неразумното попречување на еднаквоста на Албанците во Република Македонија.

Албанското прашање, органите на власта и интелектуалните македонски кругови до сега го оценувале на различен начин. Секогаш на еднострани и пристрасни начини, не почитувајќи ги аргументите, постојните аргументи туку измислувајќи ги тие за дневно политички цели и за остварувањето на националистичките цели на македонските структури кои раководат со оваа држава. Македонските политичари требаше навреме да ги прифатат правилните и разумни барања на Албанците од Република Македонија, како што беа, барања за измени на Уставот, кои Албанците ги сметаа како генератор на нивната нерамноправност. Барања за решавање на високото образование на Албанците, односно легализирањето на Тетовскиот универзитет, признавањето на албанскиот јазик како втор официјален јазик во Република Македонија. Секако, за пропорционалната застапеност на Албанците на сите нивоа на државната власт, слободната употреба на националните симболи и многу други барања од други сегменти на нашата еднаквост.

За решавањето на овие проблеми кои порано се сметаа како табу теми за да се расправа по нив, а по вооруженото востание на Албанците и со Охридскиот рамковен договор и со уставните промени од 2001 година се обезбеди една политичка основа, но и правна основа и поповолна за албанската заедница и другите заедници во Република Македонија. Но и покрај тоа треба да се има предвид тоа дека на просторите каде што повеќе има етникуми, со исклучок на политичките акти и со нивната согласност, со меѓуетничката реалност, влијаат и многу други фактори. Тоа се политичката култура, политичката волја и начинот на поставување на нерешените прашања. Дали ќе се решам меѓу етничките проблеми и дали ќе се реализира еднаквост на Албанците преку компромис, преку дијалог, преку институционален пат или ќе се создадат други околности...

**Бесим Догани:** Зборувајте за амандманот, не за дијалогот, не за решавање за меѓуетнички и

политички проблеми или ќе бидам приморан да ви го одземам зборот.

**Зумрете Јакупи:** Сето ова е врз основа на овој амандман, бидејќи со отфрлањето на овој амандман ние се враќаме на ретрограден начин, затоа што ова има големо значење за прашањето на заедниците, а посебно во однос на нашата заедница. Колку ќе се решат овие меѓуетнички проблеми и колку ќе се реализира еднаквоста на Албанците преку компромис или преку дијалот, или преку институционален пат, или ќе се создадат конфликтни состојби и околности, ова зависи од реалниот третман на овие прашања. Затоа, јас се занимавам со нашето минато. Исто така, тоа зависи и од раководството на оваа држава, што значи од односите кои ќе ги имаат политичките партии во владината коалиција, но секако и односот со опозицијата.

Почитувањето на демократските вредности како предуслов за наша интеграција во евро атланските структури и Европската унија, ќе биде не само од интерес на Македонците и Албанците, туку ќе биде од интерес, а посебно од интерес на самата држава и на сите други граѓани во целост. Затоа, во ова тешко време низ кое поминува Република Македонија, Македонците треба да дадат голем придонес за унапредувањето и обезбедувањето на еднаквоста и на Албанците и другите заедници како еден предуслов на постоење на Македонија како држава и наша интеграција во евро атланските структури и секако во Европската унија.

Во иднина политичките партии, албанските политички партии не треба да ја користат нерамноправната состојба на Албанците за нивна промоција и политички маркетинг постигнувајќи еден раскол меѓу самите Албанци туку, нивната позитивна енергија треба да ја искористат со цел за усогласување на ставовите и насоките за понатамошното унапредување на нивниот уставно правен статус и се разбира поддршката во конструктивните барања на уставните амандмани во однос на Уставот на Република Македонија. Со неколку збора би сакала да апелирам уште еднаш да не правиме ретроградно враќање, но по се изгледа расположението на оваа Влада уште од нејзин старт се конституира на неконструктивен начин.

**Бесим Догани:** Ве молам по трет пат и ќе ви го одземам зборот. Не се работи за начинот на формирање на Влада.

**Зумрете Јакупи:** Ве молам, еве ќе привршам со моето излагање. И, поради неконструктивноста на оваа влада и поради кршењето на Уставот исто така и на други закони како што можам да увидам ова наместо да се потсетите што правите и да види што прави оваа Влада, има поголема енергија и го крши Уставот и законите и на непропорционален начин ги спроведува законите кои им припаѓаат само на желбите и целите на оваа Влада која поинаку се декларира, која сосема поинаку работи и постапува. Од една страна се вели дека ние сме за спроведување на Охридскиот рамковен договор и нејзиното имплементирање, додека од друга страна го занемаруваме значењето на ова барање и овде занемарувајќи го и барањето на многу лица да не кажам на цела опозиција. Значи, преку нашите амандмани да се интервенира и да се прифати овој празник како државен празник токму поради значењето на овој ден, а тоа е 13 Август во поновата историја на оваа држава. Ви благодарам и се извинувам.

**Бесим Догани:** Го злоупотребивте вашето деловничко право да говорите по претрес на амандманот.

Дамески Панче, дали се пријавивте за реплика. Повелете.

**Панче Дамески:** Почитуван потпретседателе, сакам на колешката да и реплицирам за две работи.

Како партија ДУИ се декларира дека е за Република Македонија, па би ја замолил повеќе да не употребува термини како славомакедонски национализам, бидејќи со тоа станува дел од оние шовинистички сили кои не и мислат добро и не ја почитуваат оваа земја. Затоа, барам од колешката да се извини пред целата македонска јавност за изречената невистина.

Второ, би ја запрашал од кога 25% претставува 1/3.

**Бесим Догани:** Нема контра реплики.

Продолжуваме понатаму.

Има збор пратеникот Теута Арифи. Повелете.

**Теута Арифи:** Благодарам.

Почитуван господине Доган, почитувани господа пратеници, сакам со неколку аргументи, повеќе отколку говорот што го имав во претходниот ден за општиот претрес со неколку аргументи да учествувам во расправата поврзана со овој амандман што се однесува на вклучувањето на Охридскиот рамковен договор во државните празници односно во членот 1. Мислам дека доколку постоеше вистински демократски пристап, мислам дека доколку постоеше пристап кон едно ново дефинирање, современо дефинирање на државноста на Македонија, тогаш ние сигурно немаше да имаме потреба да го поднесуваме овој амандман, од причина што самите предлози поднесени од страна на Владата ќе требаше 13 Август да биде датум што се однесува на празнувањето како државен празник. Го велам ова од причина што 13 Август или пак денот на Охридскиот рамковен договор не е датум кој што припаѓа само на една политичка партија. 13 Август, Охридскиот рамковен договор не е достигнување на само една етничка група, на само еден народ на Албанците, туку од причина што Охридскиот рамковен договор е достигнување на сите граѓани на Македонија, без оглед што ние од оваа кратка временска перспектива сме или пак не сме подготвени тоа да го прифатиме и да го признаеме. Едно парламентарно мнозинство и една визионерска влада ќе успееше да види дека еден датум кој

што го зближи помирувањето односно го понуди помирувањето во земјата, наместо конфликт, датум кој што понуди соединување во земјата, наместо разединување, датум кој што понуди градење наместо растурање, датум кој што понуди договор наместо немање договор, секако дека заслужува да биде дел од државните празници, колку и тоа да може да отвори дилеми или пак дебата, како што отвори.

Почитувани колеги, да говориш за празници и да дебатираш за празници, не можеш да избегнеш на иконофилската тенденција, која што е општа балканска тредиција, за да се величи секогаш далечното минато и во тенденцијата да се заборави блиското минато. И, во една ситуација кога Охридскиот рамковен договор стана дел од Уставот на нашата земја во ситуација кога во последниот извештај на Европската комисија ние се цениме за тоа колку сме направиле и колку треба да направиме за Охридскиот рамковен договор во ситуација кога во процесот после Самитот во Рига за вклучување на нашата земја во НАТО, се цениме за тоа колку е направено за Охридскиот рамковен договор и дали можеби овој датум не заслужуваше да биде дел од државноста на Македонија, дали можеби за овој датум се посреќни странците, отколку ние самите. Дали можеби за овој датум повеќе ни говорат другите кои што ни го сакаат доброто или пак можеби другите не сакаат повеќе, отколку што се сакаме себе си.

Со овој амандман ние сакале или не ги отвораме токму овие дилеми. Затоа, еден аргумент плус за тоа зошто датумот на Охридскиот рамковен договор треба да биде државен празник е дека со Охридскиот рамковен договор како документ кој што стана дел од нашиот правно политички систем, ние успеавме да изградиме еден сосема поинаков пристап кон демократијата и поинаков пристап кон државата.

Од една држава која што беше дефинирана повеќе етнички на почетокот на 90-тите години, ние во 2000 година или пак на почетокот на новиот век успеавме да ја дефинираме или пак да направиме една поинаква дефиниција, која што ги надминуваше етничките граници и која што создаваше можност секој да се чувствува како неразделив дел од државата. Зарем ова не е доволен аргумент да се каже дека ова е државен празник, зарем ова не е аргумент повеќе дека сепак ова ново достигнување заслужуваме да го празнуваме сите. Мислам дека тоа треба да го направиме. Рамноправноста или еднаквоста, почитувани колеги, не е само концепт кој што се посакува. А рамноправноста е претензија на секое цивилизирано општество и е претензија на секоја политика која што сака да има поддршка на масите. Зошто еден датум кој што толку многу ние сакаме да го идентификуваме со рамноправноста, националната, верската, општествената, не може да се наоѓа во основата и во темелите на државните празници. Зошто една толку голема идентификација што ја правиме ние на рамноправноста или на еднаквоста не може да биде дел од она што ние сакаме да го видиме во празнувањето за државата. Мислам дека не е во ред што нема позитивно рефлектирање или изразување на мнозинството, посебно од страна на Владата, која што толку многу има потреба и ќе има потреба да известува редовно колку го имплементира Охридскиот рамковен договор, колку работи за Охридскиот рамковен договор, до каде е стигната во имплементирањето на Охридскиот рамковен договор и до каде треба да стигне при имплементирањето на Охридскиот рамковен договор. Дотолку повеќе 13 Август е нешто повеќе отколку ден на еден мировен договор. 13 Август е датум од кој што ние почнавме да ја броиме нашата поголема блискост или зближување кон Европската унија или кон НАТО и кон нашите партнери.

Немој да заборавите никогаш, почитувани колеги, без оглед на позициите што ги имаме сега дека ова е договор во кој што своите потписи само четворицата локални лидери од политичките партии, туку во форма на гаранти на овој Договор, своите потписи преку претставниците, ги имаат и двата најголеми меѓународни субјекти. Еден од нив ние претендираме да бидеме дел во истиот, како што е Европската унија, а другиот кој што е најголемиот глобален стратешки партнер на нашата земја, тоа се САД. Зарем еден момент или пак еден документ во кој што не сме само ние присутни, туку се присутни и нашите партнери и нивните идеи за еден стабилен Балкан, за еден развиен Балкан, зарем тоа не можело да биде дел од нашата историја, од нашите празници и нашите традиции.

Сакам да подвлечам уште еден момент. Без оглед што нема политичка волја за поддршка на овој амандман од страна на мнозинството, без оглед што според сите изгледи Владата не е подготвена да се за рецедира овој значаен датум, како што  среќа рецедираше за датумите на другите етнички заедници,овде нешто за што јас мислам дека направи добро. Сепак, да немаш смелост да рецедираш за своето минато, да немаш смелост да се навратиш на моментот кога за прв пат бевме сите ние за еден момент помудри отколку што сме биле порано. Да не рецедираш во моментот кога ние го избравме мирот наместо војната, кога ние го избравме договорот наместо немање договор, кога ние ја забележавме нашата заедничка желба да градиме политичка стабилност во земјата, земја во која што нема политичка стабилност и да не рецидираш во моментот кога нашата земја се наметна како регионален модел на една консесуална и мултиетничка демократија мислам дека е голема загуба.

Поради овие причини поддржувајќи го уште еднаш овој амандман мислам дека ние поддржуваме тоа што најдоброто ни се случило во текот на овие малку години од нашето ново минато. Во меѓувреме доколку мнозинството не рецидира позитивно за жал на своја совест ќе

носи уште еднаш една неподготвеност да покаже бил и да покаже политичка зрелост за да покаже дека ние знаеме да се издигнеме повеќе над себе си и над нашите мали идеи, нацинални идеи за една заедничка идеа која што се вика политичка инклузивност и истовремено ефикасна демократија или договор. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓа Арифи.

За реплика се јави пратеникот Ристанка Лалчевска.

**Ристанка Лалчевска:** Благодарам потпретседателе.

Со внимание ја слушав колешката Арифи. Таа во својата дискусија спомна дали кратката временска дистанца од овој датум, 13 август потпишување на Рамковниот договор е причина за сега неприфаќањето на еден ваков амандман, односно неприфатливоста овој ден да добие статус на празник или државен празник.

Токму тука во оваа реченица ја лоцирам и вистината и дилемата околу ова. Неспорно е дека Охридскиот договор е политички договор со кој се апсолвира политичката волја на субјектите во Македонија за нов начин за уредување на државата за внесување на нов квалитет на државата. Меѓутоа, како што реков тоа е само политички договор, меѓутоа исто така неспорно е денот кога она што беше предвидено во рамките на тој политички договор се претвори и преточи во уставни амандмани. Денот кога дефакто отпочна и правниот и правниот момент на внесување на тој нов квалитет во нашиот правен систем со внесување во Уставот, а со тоа и давање на дух за имплементирање на се она што било договорено во тој политики договор. Токму таа временска дистанца, колешке кратка која и вие ја спомнавте а не ја спорите остава дилема кои се квалитетите и кој е вистинскиот момент за оваа држава да го празнува, ако е потребно да се празнува. Јас сум убедена дека времето ќе покаже и ќе докаже и сигурно ќе исфрли на површина дека можеби еден од овие два дена во иднина Македонија ќе слави како свој празник. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Контра реплика од една минута за госпоѓа Арифи.

**Теута Арифи:** Секако дека јас го поставив прашањето на времето имајќи го во предвид фактот дека дилемите доаѓаат токму поради фактот дека времето е кратко и се импонира секогаш проблемот на губитници и на победници, иако мојата силна теза е дека сите најголеми победници со Охридскиот договор се граѓаните на Република Македонија. Зрелите нации, зрелите граѓами, зрелите држави се тие кои можат да се соочат и со своето блиско минато и да градат вистинска иднина. Со фактот дека овој амандман не се прифаќа или воопшто недавање предлог Охридскиот договор да биде дел од тоа покажуваме дека сеуште не сме зрели да бидеме вистински модерни демократи.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Реплика има господинот Ружди Матоши. Повелете.

**Ружди Матоши:** Благодарам госопдине потпретседтеле.

Би сакал да го критикувам во два дела излагањето на госпоѓата Арифи.

Во првиот дел сакам да ја освестам во однос на имплементацијата на Охридскиот рамковен договор дека треба да знае дека таа беше четири години на власт и во владењеето на Демократската унија за интеграција се направени аномалии на неимплементацијата, или на злоупоребата на Охридскиот рамковен договор.

Таа многу добро знае кога се носеше законот за патни исправи како го деградираа албанскиот јазик каде на ниту еден начин не го дозволува Охридскиот договор да има такви деградации. Има и други деградации, од други аспекти, како што е соодветната застапеност и како што е имплементацијата на патните сообраќајни знаци каде ништо не успеаја да направат.

Друго во однос на тоа дали треба да биде државен празник или не, бевте на власт и требаше сами да го решите ова прашање. Но се додека пратеникот на СДСМ Никола Поповски, слушнавме дека тој вчера го поддржа предлогот 13 август да биде празничен ден од Охридскиот договор, па кога сте имале волја зошто не сте го направиле ова. Или, чекајте кога ќе дојдете повторно на власт вметнете го како државен празник. Ние сме одлучиле таа негативна традиција која беше вградена, инсталирана со години во оваа држава ја прекршевме и државен празник го направивме Рамазан Бајрам, кој е празник и на албанците, но и неработен ден и државен празник ќе биде сигурно за албанците и битолскиот конгрес, кој е еден датум од големо значење за албанците и на сите албанци на Балканот. Затоа ние оваа негативна традиција успеавме да ја прекршиме и да воведеме друга традиција за работење, но треба да се видите самите себе си, бидејќи вие сте биле на власт и како што знаеме во оваа насока не сте направиле ништо.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Контра реплика за госпоѓата Теута Арифи. Повелете.

**Теута Арифи:** Многу ми се допаѓа кога господинот Матоши има желба некого да осветли, да научи, меѓутоа сепак сметам дека е тенденциозно. За тоа колку сме направиле за Охридскиот договор мислам дека последните парламентарни избори ги докажаа, нашите гласачи, но во меѓувреме за тоа зошто ние не го направивме кога бевме дел од Владата, како што рековте вие господине Матоши, меѓутоа еве остана вие да го направите. Ова не се случи затоа што во текот на четирите години ние не се занимававме со празници за тоа колку да седиме дома, туку се занимававме со имплементација на Охридскиот рамковен договор. Бидејќи вие

немате политичка позиција за имплементација занимавајте се со празници.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор пратеникот Аднан Јашари.

**Аднан Јашари:** Благодарам.

Ќе се потрудам и јас во кратки црти да го оправдам и образложам амандманот предложен од група пратеници кој е сличен со еден претходен амандман за кој се расправаше вчера со една разлика дека овој амандман е тоа што се бара 13 август да се воведе во рамките на тоа што законот ги назначува како државни празници. За разлика од вчерашниот амандман кој освен тоа што бараше 13 август да влезе во рамките на државните празници бараше, или предвидуваше да се избришат неколку празници кои со овој закон се предвидува да бидат државни празници.

Инаку, според мое мислење кога говорам за овој амандман ценам и верувам и сум верувал дека овој амандман ќе биде поддржан, затоа што во рамките на државните празници, кои сега за сега вака како што се предложени, нивниот број се зголемува за три, односно од три државни празници кои ги предвидува актуелниот закон за празници бројот за државни празници се зголемува на шест.

Од овие три празници кои се предлагаат и кои се сметаат како државни празници е 8 декември - празник кој е повеќе од образовен и црковен карактер. Навистина не ми е јасно зошто овој празник се предвидува во групата на државни празници 24 мај - Денот на сесловенските просветители, 23 октомври - денот на Македонската револуционерна борба. Но, како и да е предлогот 2 август да биде во рамките на овој празник мислам дека има јака основа. Вчера нагласив неколку елементи врз кои се засноваше вчерашниот амандман, а денес ќе ми дозволите во кратки точки да ја нагласам само уште еднш причината зошто го поддржувам амандманот 13 август да биде во рамките на државни празници.

Трите клучни причини или клучни начела врз кои ја засновав мојата констатација се следни.

Сите знаеме дека со Уставот од 1991 година, како во преамбулата, така и во нормативниот дел од Уставот постоеше една дискриминација помеѓу одредени припадници на одредени етникуми во Република Македонија. Со носењето на уставните промени, измени кои непосредно произлегуваа од Охридскиот рамковен договор не само што се промени преамбулата туку преку воведувањето на неколку уставни амандмани на видлив начин се измени и уставно-правната позиција не само на албанците, туку и на другите немаќедонски заедници во Република Македонија. Оттука со право е констатирано и се констатира во оваа расправа дека албанците станаа конститутивен елемент, елемент кој својата основа ја има не само во преамбулата, туку и во неколку амандмани, меѓу кои е амандманот 6 во однос на правичната застапеност на албанците и на другите немакедонски заедници во Република Македонија.

Освен овие елементи воведувањето на консесуалната демократија, демократија која својата основа ја има во амандманот X каде се предвидува носење на многу одлуки, односно закони и одредени состојби на изборите од страна на највисокиот орган, нормално во одредени состојби како што е утврдено во овој амандман. Законите се поврзани со културата, образованието и тн. и тн., за да можат во овие случаи да не може да се донесат без одлука на припадниците на немнозинските заедници претставници или застапени во овој орган.

Едноставно кажано преку таканареченото двојно гласање кое е познато како механизам на Бадинтер се постигна да се воведе таканаречената консезуална демократија.

Трето зошто треба да се подржи овој амандман. Тоа е воведувањето тоа што го именуваме како децентрализирана демократија. Реков вчера, ќе се повторам и денес вистината е дека Македонија до реализирањето на уставните измени беше или се сметаше како најцентрализирана држава во Европа. Но, и покрај тоа ние со уставните промени и со носењето на законите кои следеа, преку кои се операционализираа овие уставни промени Македонија во многу сегменти е децентрализирана, иако како што знаеме сите и понатаму продолжува пренесувањето на надлежностите од централните органи во локалните органи. Но како и да е градуално или постепено се врши пренесувањето на надлежносите на ниво на локални органи, институции или се врши пренесувањето на надлежностите поблиску до граѓаните, што е секако една придобивка и од интерес не само на албанците, туку на сите граѓани.

Тоа што посебно би го нагласил во оваа прилика е дека преку една ваква децентрализација сите знаеме дека многу надлежности и од економската област...

**Бесим Догани:** Не спмнуваме за децентрализација денес. Сега зборуваме за амандманот, а вие зборувате за децентрализацијата. Амандманот е 13 август да биде државен празник и молам за тоа да зборуваме.

**Аднан Јашари:** Во оваа насока уште еднаш ќе повторам причината зошто 13 август го поддржувам да биде државен празник. Ова е причината, повторувам, сите мои аргументи под 1, ќе се повторам, конститутивниот елемент, 2 е консесуалната демократија и 3 се децентрализираната демократија.

Во оваа насока преку децентрализацијата ние успеавме да се пренесе и една надлежност која од 1991 година бесправно се централизира, како што е прашањето на економскиот развој. Но, според мене, уште еднаш ќе повторам ова се три јаки арументи, иако сум свесен дека Охридскиот договор како што е напишан не е идеален но како

и да е, ова се три аргументи и јаки партии кои ме воведоа да го поддржам овој амандман и нормално да гласам за овој поднесен амандман. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор пратеникот Тахир Хани.

**Тахир Хани:** Почитувани пратеници ние повторно ќе се вклучиме во расправата во однос на овој амаднман, амандман со кој што се бара 13 август да биде државен празник. Се поставуваат неколку дилеми во текот на овие расправи. Од една страна се поставува дилема дека парламентарната група ДУИ и ПДП го присвоила овој датум, го издигнала на високо ниво. Дали е овој елемент и историски датум овој историски договор за двете најголеми заедници во Република Македонија, вредност на на само Демократската унија за интеграција или пак на сите граѓани на Република Македонија. Секако дека малку порано расправав, дебатирав со еден пратеник кој ја постави дилемата дали е погрешен пристап што ДУИ го брани овој закон. Мислам дека тука се појавува дилемата како овој закон или пак овој Рамковен договор е само на ДУИ. Не, ова е погрешен пристап, ова е погрешна мисла, затоа што Охридскиот рамковен договор е историски датум со кој се гордеат двете заеници, меѓутоа и помалите заедници во Република Македонија.

Кога излегуваме надвор од земјата сите пратеници се гордеат со овој историски датум. Јас сум имал прилика да бидам во Брисел каде пратениците од ВМРО-ДПМНЕ и претставникот Владимир Ѓорчев се гордее со Охридскиот рамковен договор и тој вели дека Охридскиот договор е добра можност и прилика земјата да чекори напред. Дали заслужува Охридскиот рамковен договор да биде историски датум во актуелниот момент, бидејќи во периодот од 2001 година, имавме конфликт во кој што имавме и жртви и имаме семејства кои што сеуште го чувствуваат конфликот од 2001 година и нагласена е емотивна состојба, затоа што некои од нив ги изгубиле и своите блиски, или пак најблиски, некој таткото, некој братот итн. Меѓутоа, како и да е жртви имало и од двете страни. Јас сакам да кажам дека овој датум, овој Рамковен договор ја има смислата на граѓанските војни во Германија, Шпанија, така како што беа нагласени за една посилна стабилност, или пак за поголемо напредување на демократијата во земјата. И овој историски датум и овој Рамковен договор ја има истата вредност за двете заедници, за сите граѓани. Тоа е едно добро достигнување, затоа што треба да имаме во предвид Македонија пред конфликтот од 2001 година беше пречка за развој на демократијата не само за Албанците, туку и за самото македонско население. Јас бев градоначалник на една рурална општина која што беше основана политички, која што немаше доволно ресурси да биде општина. Меѓутоа, заради политичките концепции хегемонистички, доминантни на едната заедница кон другата, се оформија општини кои што немаа ресурси за егзистенција. И како резултат на ова политичкиот систем во Република Македонија беше исклучително крајно централизиран, исто така, заради истата причина за да постои доминација на едната заедница кон другата. Значи, имајќи погрешен концепт едноцентрички концепт често пати се јавуваа проблеми и во самата македонска заедница и тоа во локалната самоуправа. Затоа што ние можевме да слушнеме во тоа време од многу градоначалници кои што велеа дека ние сме градоначалници на питачки општини, затоа што за се треба да се обратиме на централната власт. И концпирањето на функционирањето на власта беше во тоа државата да биде колку што е можно поцентрализирана, или да не падне функционирањето, или пак децентрализацијата на надлежностите на локалната власт да не се пренесе, затоа што имаа фобија од функционирањето на локалната власт преку која што ќе можеа да се остварат некои права на албанската заедница. Конфликтот од 2001 година беше резултат на еден погрешен концепт кој што се раководеше во разни временски периоди од страна на политичката класа од македонската заедница. Како резултат на истата се јави конфликт кој што ја постави на дневен ред промената на концептот на државата со што се убеди и поголемата заедница во земјава дека задолжително треба да го промени концептот на градење на политичкиот систем во земјата. Затоа Охридскиот рамковен договор е достигнување за сите граѓани, тоа не е достигнување само на албанското население, или пак посебно така како што се остава впечаток дека ова е заслуга само на политичкиот субјект ДУИ и ПДП. Која е моменталната дилема? Некои партии, или пак пратеници имаа барање овој закон да помине во две фази на усвојување. Можеби поминувајќи во две фази на усвојување ќе се одеше кон една селекција на предложените датуми и денес ние ќе имавме некои селекционирани датуми од првата фаза и тоа упорноста на парламентарната група ДУИ и ПДП немаше да биде толку голема да се инкорпорира овој датум во датуми на државни празници. Се поставува друга дилема, зошто постои една толку категорична реакција кон овој историски датум апсолутно против овој Охридски рамковен договор кога сигурно доколку овој историски датум не ги содржи државотворните елементи, затоа што има некои датуми во членот 1 како што е датумот, кои што го немаат државотворниот елемент. Охридскиот рамковен договор е политички договор и затоа го содржи државотворниот елемент. Треба да се признае затоа што во моментот ние не поминуваме во првата фаза кога граѓаните, разните стручњаци од разни области, историчарите би можеле да расправаат за овој датум, за овој Охридски рамковен договор и ќе можат да го дадат своето мислење за тоа дали има приоритет во времево, или нема приоритет во актуелното време. Самиот факт што еднопарламентарно мнозинство има

негативен пристап кон овој историски датум, се поставува дилемата зошто не се спротивставува меѓународниот фактор околу овој датум . Доколку тие говорат пофални зборови за Охридскиот рамковен договор, доколку тие имајќи го предвид дека Македонија ја поминала фазата на мониторинг од страна на Европскиот парламент и сега сме во фаза на постмониторинг кога разни делегации на Европскиот парламент говорат убави пофални зборови за овој Охридски рамковен договор, земајќи го како пример за решавање на регионалните проблеми зошто нема спротивставување на истиве кон договорот. Некому му се допаѓа на моменти да се гордее со Охридскиот рамковен договор, така како што имав прилика да видам јас во Брисел кога моите колеги се гордееа со Охридскиот рамковен договор, додека пак денес тие категорички го одбиваат овој историски датум. Јас имам желба да бидеме заедно пред меѓународниот фактор и таму да видиме и да говориме против Охридскиот рамковен договор. Ќе видиме дали ќе говорат против Охридскиот рамковен договор, или нема да говорат. Затоа што тие говорејќи против Охридскиот рамковен договор ќе говорат против ангажманот и напорот што го дал меѓународниот фактор кон овој историски датум. Затоа задолжително треба да размислуваме јасно и добро дека можноста за еден историски датум, еден Охридски рамковен договор кој е политички договор во кој што сите заедници можат да го најдат своето место и сите можеме да се повикаме на овој политички договор затоа што сите сме потписници на истиот. Тогаш што ќе се случи доколку ние предложиме друг историски датум како државотворен датум на Република Македонија. Доколку ние бараме државотворен датум на Република Македонија да биде 28 ноември како ден на осамостојувањето и независноста на Албанија, со што ние Албанците длабоко сочувствуваме, затоа што ова е историски национален датум, сигурно дека ќе имаше остра реакција од страна на македонската заедница. Така што се поставува дилема, доколку ние предлагаме Охридскиот рамковен договор кој што има датум на потпишување со кој што се идентификуваат сите заедници и кој што Охридски рамковен договор има свои достигнувања, или пак свој интерес и помалите заедници во земјата за што пред малку слушнавме и од пратеникот на ромската заедница кој што исто така го спори, или пак ќе го брани доколку тој ги оствари своите права преку овој Охридски рамковен договор. Во име на овој Охридски рамковен договор ние имаме четири историски датуми на помалите заедници во Република Македонија. Доколку помалите заедници: Власите, Турците, Ромите, Бошњаците и Србите реализираат еден историски датум на нивната заедница и да се стави во законот за празници и тие како резултат на овој Охридски рамковен договор апсолутизмот е уште поголем. Сите сакаат да се повикаат во име на ова и да добијат нешто од тој Охридски рамковен договор, а од друга страна сепак да бидат против овој Охридски рамковен договор. Значи, ова е датум кој што треба да го прифатиме ние денес или утре, меѓутоа, сигурно дека тој го промени концептот на државата, концепт кој што се засноваше врз едно центрично функционирање, врз функционирање кога беше потешкотија да се говори помалите етнички заедници да бидат релевантен фактор за да го бараат, или најдат својот интерес, или пак нивната идентификација во државата. И денес помалите заедници имаат политички и правен механизам, правно уставен механизам да бараат да се инкорпорира нивниот интерес во рамките на полиотичкиот систем на Република Македонија и тоа го искористија четирите заедници токму во овој закон. Верувам дека и во другите закони, или пак и во многу други моменти овие помали заедници ќе го искористат овој Охридски рамковен договор како при вработување, во културата, во образованието итн. Додека овој Охридски рамковен договор вклучува во себе интерес на сите заедници, тоа е апсолутен консензус да биде државотворен датум во Република Македонија. И ние ова не треба да го ставиме на страна, не треба да бидеме против, затоа што стандардот кој што ќе го изградиме денес ќе можеме во иднина, иднината да ни биде полесна. Не сакам да важи правилото, или пак начелото кое што во еден временски период имавме полемика со еден икс дипломат кој што рече, кога се говореше за патните исправи, кога требаше за патните исправи да важи албанскиот јазик, значи на насловната страница требаше да стои албанскиот јазик, во тој момент во една полемика се рече: зошто е толку значајно за албанската страна, а зошто не е значајно за албанската страна. На крај имав едно прашање што е значајно за македонската страна е значајно, затоа што тука се сака да се стави брана за да не се чекори понатаму. Не треба да се искористи овој менталитет и ние не треба да прифатиме и треба да бидеме упорни во овој момент за да не се отворат други теми кои што ќе бидат од уште поголемо значење отколку што е еден празник во државните празници. Јас апелирам, посебно апелирам до пратениците кои на непосреден начин имаат бенефиции од овој Охридски рамковен договор, имаат нивна политичка релевантност во духот на овој Охридски рамковен договор. И во иднина ние не треба да го стесниме волуменот на употребата на принципот на Бадинтер, туку треба да го зголемиме волуменот на употребата на принципот на Бадинтер. Така што како што е овој закон треба да се донесат сите други закони кои што се од такво значење за сите заедници да се употреби Бадинтеровото правило. Некои пратеници кои што во секој момент се чувствителни кога ние нагласуваме дека Македонија е мултиетничка држава, реагираат на многу остар начин. Меѓутоа, реалноста е тоа дека доколку Македонија не беше мултиетничка држава немаше да се случи Охридскиот рамковен договор кој што гарантира консензуално функционирање на државата во

оние елементи во кои што ние имаме извесни разлики. Меѓутоа, и заштитен, или одбранбен механизам на начелото на малцинството кон мнозинството и начелото на одбрана на националните елементи е начелото на Бадинтер. Така што за сите други принципи што го немаат овој карактер, го имаме поинаквото гласање.

Јас ќе привршам со апелот доколку нема разбирање, затоа што Албанците секако би требало во членот 1 да имаат државотворен празник каде Албанците ќе го почувствуваат нивниот државотворен елемент во согласност со тоа што е изграден политичкиот систем по 2001 година со инкорпорирање на Охридскиот рамковен договор во Уставот на Република Македонија. И доколку некој мисли дека не треба 13 август да биде во истите, тогаш нека понуди друг историски датум кога Албанците сигурно ќе треба да се почувствуваат себе си како државотворен елемент.

**Бесим Догани:** Има збор пратеникот Азис Положани.

**Азис Положани:** Ви благодарам.

Почитувани колеги, јас ги разбирам или разбирливи се и чувствата кои се создаваат во врска со овој закон за пазници, дека ваквите расправи во суштина наидуваат во глуво уво и дека можеби кога се гледа селото кое се гледа не бара калауз. Значи, попусто е да говориме и убаво и нашироко и со агументи кога некој не сака да не сослуша, или не сака да ги земе во предвид овие наши аргументи. Фактот што ние инсистираме и понатаму со наши аргументи да ве убедиме дека поддржувајќи го овој амандман било од страдна на Владата, или од мнозинството ќе и направиме добро на државата, ние ќе продолжиме и со дополнителни наши аргументи кои се поврзани со неколку реплики кои овде се нагласија како контра аргументи за да не се прифати овој амамднам за да го дополниме нашето аргументирање секогаш со надеж, за мене со искрена надеж, дека и покрај тоа ќе може да се реагира и да се зрачи позитивно. Затоа што како и мотивот на нашиот предлог на овој амандман, како и самиот ден 13 август, како и тоа што може да следи од едно вакво прифаќње, не е на штета на никој, туку напротив е во функција на афирмирањето и унапредувањето на една нова клима, нов квалитет на односите во Република Македонија прифатени меѓународно и секако верифицирани сега и внатре, национално кога се зема во предвид фактот дека и во кои места и во кои позиции појдовна точка за успесите на Македонија, или за чекорењето на Македонија кон некој наш стремеж се споменуваше Охридскиот договор. И токму предмет на овој амандман е денот кога се потпиша овој договор. За тоа за да го контрааргументирам во однос на тие контрааргументи, да аргументираме неколку тези кои се искажаа во врска со, би рекол со черек тези со причината наводно логичната логика зошто овој предлог не е предвиден, или овој датум не е во предлогот воведен од страна на Владата и зошто се продолжува и се инсистира да не се прифати од мнозинството во понатамошната расправа ќе го укажам на македонски, бидејќи сигурно треба да ве уверам дека целта е да создадеме клима и до парламентарното мнозинство и јавноста дека нашите цели се искрени и се од општо добро.

Денеска се соочуваме со едно продолжување и дополнителна потреба за аргументација на овој амандман лежи и во фактот дека мнозинството и Владата сигурно не го прифатија нашиот предлог да се отвори поширока, посоодветна расправа меѓу двете фази кои што ние ги предложивме за да сето тоа што го кажуваме сега да го аргументиаме и го контрааргументираме легитимно секој од своја страна да биде предмет на таа расправа во тој период кој што е создаден и замислен за такви причини. Поради фактот што тоа не се прифати, за жал, без некој аргумент и се гледа дека аргументацијата е никаква во овој однос.

Мислам дека ние пратениците бевме тие кои тоа го предлагавме. Сепак, ја прифативме таа така наречена ракавица, еве и во вакви услови, во вакот краток можен, без една фаза, помеѓу првата и втората фаза, дополнително со наши аргументи да објазнуваме, аргументираме за потребата од прифаќање на овој амандман како дата која треба да стои во листата на празниците, бидејќи тоа го заслужува според аргументацијата која тука од почетокот на дебатата беше повеќекратно искажана, до последниот, претходен говорник и која во никој случај не се оповргна, или не се кажа спротивното, ниту од страна на претставникот на Владата кој формално ја признава важноста и тежината на оваа дата поради фактото што на таа дата е потпишан овој битен договор и од страна на претставниците кои го контрааргументираа тоа дека не треба да се прифати амандманот поради тие причини и аргументи што тие се обидуваат да ги наметнат, но кои не стојат и нормално се наметнува потребата уште еднаш да се разгледуваат тие аргументи.

Кој беше еден од аргументите што јас со внимание ги следев и што сакав преку оваа дискусија која ја правам за овој амандман, инаку вие знаете дека јас имав еден амандман и порано кој беше различен од овој по тоа што предлагаше еден друг концепт, една друга листа на државни празници, врз основа на тоа што значи придонес кон државните темели на оваа држава, без да се меша тоа со култоролошката и културната димензија која исто така е за почит, но и нормално поради овој факт е од друг карактер и заслужува да биде државен празник, но не државен во ранг како што се овие три, четири кои ние сега ги дебатираме. Овој е малку поинаков. Значи кај листата на државни празници кои се многу, само се додава уште еден празник што непобитно е што е многу важе и битен за сите нас, на само за Албанците. За жал, тоа се сведе да го бранат само Албанците и за жал, само дел од Албанците што тука се претставници и со тоа

на некој начин се пушта една порака со која уште еднаш се сака да се докаже дека со овој договор добија само Албанците, а сите други изгубија и затоа на некој начин се сака да се испрати порака дека не заслужува или барем како што се кажа уште не заслужува да се вметне во листата на државните празници. Мислам дека тоа не држи исто како што не држи и другиот аргумент дека е прерано. Значи, сакам да кажам дека тоа не може да биде аргумент. Или е прерано, едно се кажува, или од друга страна, тоа е само политички документ врз основа на што подоцна се вградија и други компоненти како што се уставни измени итн.

Ова второто дека е тоа само политички документ и поради тоа не му е местото тука, мислам дека апсолутно не стои затоа што имаме датуми тука во државните празници кои не се дури ни политички, некои имаат културолошка димензија, не се ниту уставни, не се ниту законски, туку се предмет на една традиција која е за почит, но не им е местото по тој основ на тоа место. Тоа е едно. Друго, има други политички документи или политички настани, многу битни, кои се само политички, како што беше и Договорот, како што е 8 септември, еден плебисцитарен израз на волјата на граѓаните на Република Македонија во тоа време, само на Македонците, без Албанците, од причина што сите ги знаеме и кои сто пати тука се дебатирани не сакам да навлегувам во тоа но факт е дека без Албанците и после од него произлезе потребата да се пристапи кон другите документи и Устав итн, затоа што логиката на тој плебицид беше во тоа, да се пристапи кон создавање или конструција на една независна држава која беше произлезена од тие околности, што произлегоа и други држави од поранешната држава. Така што, аргументот поради фактот што е само политички документ и нема некоја уставна димензија, апсолутно не стои, поради тоа што во предлогот има и такви, а има и такви кои воошто и не се политички и од политичка гледна точка, како што реков, не се во редот на традицијата кои треба да бидат во таа група. Пак повторувам се за почит, но сигурно од една друга гледна точка и како што јас ги предложив во мојот амандман, во една друга група. Затоа, мислам дека тој аргумент апсолутно не стои. Другиот аргумент дека е прерано поради ефектите, како што и господинот Љубиша Георгиевски кажа што се очекуваат и нејаснотиите или заокружувањето од таквиот договор, каков ќе биде исходот, каков ќе биде таквиот договор уште не се знае, или уште не се чувствуваат како добри или како не многу добри, или подобри за едните, подобри за другите, како што и тој го искажа своето мислење. Мислам дека се уште по неприфатливи и уште повеќе причина за овој амандман да биде прифатен, поради фактот што и 8 декември не е многу далеку од ова, имајќи предвид некоја историска дистанца потребна за објективно оценување на некои моменти. Но, ние не чекавме ниту пет, ниту петнаесет, ниту дваесет, ниту педесет години тоа да го прогласиме за многу битно за оваа држава и добро се направи со тоа, што така се прогласи. Но, исто така и овој документ кој што има 6 години, да кажеме сега, исто така е толку битен за Република Македонија што веднаш ефектите се гледа и на некој начин, од нивната имплементација, како што реков, сите имаме добит. Поради таа причина мислам дека му е местото тука, но, поради фактот што сите документи, договори и историски моменти кои се оспоруваат на некој начин и врз кои се нафрлува сомнеж или се кажува дека се уште сензитивни или уште климави во таа смисла. Ако сакаме тие да ги зацврстиме, ако сакаме да успеат тогаш ќе го правиме правиот потег. Значи преку заедничкото признавање во документот каде што има, по основ на празници ги огласуваме деновите кои ги почитуваме, треба да се направи тој потег за да се прицврстат и да не бидат фрагилни, да не останат такви фрагилни, затоа што нивното понатамошно деларгирање или оспорување или исчекување од нивните ефекти можат процесите да ги водат во спротивна насока. Затоа велам дека добро е тоа дека и за 8 септември не се чекаше толку долго тој да се уврсти во деновите кои што ќе се слават, поради исти причини, сигурно дека и 13 август потребно е да се уврсти во деновите кои што треба како празници да се слават поради фактот што тоа ќе го уцврстиме и ќе ги зајакнеме и компонентите на тој Охридски договор, но и нашата определба дека патот на Македонија е во овој правец и треба сите да смогнеме сили иако има проблеми иако има мањкавости иако има недореализирани рабити и не идеални работи, ние сме тие кои што треба да ги подобриме, да ги надградуваме, да ги зајакнеме, а тоа бидува и преку наше заеднично прифаќање, тој да биде поготово поради таа причина и во овој документ. И морам да кажам дека ВМРО-ДПМНЕ тое е и ноторна вистина, во текот на 4-те изминати години никогаш не се изгради позитивно, дури се бараше и да се повлече потписот за овој документ да не кажам со други политички изјави, туку тука во Парламентот не гласајќи за сите закони кои што беа поврзани со Охридскиот договор и после дојде и мандатарот со својот промовирачки говор, никаде не го спомна Охридскиот договор како нешто кое што треба, или како правец на развој на политичкиот и економскиот правец на развој на оваа држава, преку потполна имплементација на Охридскиот договор итн. Тој не беше спомнат и во неговиот договор тука и така дополнително на тоа, само да ги земам процедурите во Парламентот, со кои се сака, мимо уставните одредби, мимо процедуралните одредби, од Деловникот, се сака да се наметнуваат некои логики кои што се апсолутно против логиката и на Устовот и на Охридскиот догоров и на Деловникот. Со тоа се создава еден амбиент на недоверба или изразување на едно политичко несакање, значи спротивна волја на тоа што се изразува кога одиме во Европа, дека формално ние се декларираме, но во сите моменти, во сите аспекти кои што се поврзани со овој датум избегнуваме да ги реализираме, а уште помалку

да ги надградиме, зошто тоа ни е на некој начин поголема обврска, уште повеќе сакаме да почнеме и да ги демонтираме и да го демонтираме тоа што е постигнато досега поврзано со Охридскиот договор. Затоа ценам дека спротивно на аргументот дека поради тоа што не било политички, што не е точно, или по тој основ не може да се слави, или поради тоа што е блиску исто така со тој аргумент не треба да слави и мислам дека аргументите се од спротивната страна, дека баш поради тие, досегашната практика и изразување на битните политички структури во Македонија, битно е овој датум да го прицврстиме и на некој начин сите овие дилеми да ги отфрлиме од нас и од сите нас преку признавање на овој амандман и со тоа ќе ги демантираме сите, тие кои што мислеа и мислат дека ете имаше еден Охридски договор се спроведе што се спроведе сега тоа ниту и приоритет, ниту ние сакаме со тоа да се занимаваме, било па прошло итн, а со тоа сите меѓународни контакти укажуваат дека обврска алфа и омега за нашиот успех е спроведување и потполна реализација и надградување на државата и понатаму во духот и врз база на уставните амандмани, затоа се уставни амандмани бидејќи нема рок. Тие се долгорочно и долготрајно како приоритет и обврска на правниот и јавниот живот во Република Македонија. Затоа мислам дека со тоа ќе постигнеме да, јас ќе ја пофторам тезата, овој документ е единствениот документ кој што е потпишан врз консесуална база, значи сите го потпишале, а поготово тоа е битно двете поголеми заедници кои што претходно пропуштија да се усогласат или да ги хармонизираат односите за да не биде тоа така, да биде тоа за прв пат на 13 август 2001. Значи ова е првиот документ кој што е создаден врз разбирање на битните фактори и со меѓународна гаранција која ште е еден договор меѓу нас и со гаранции од меѓународната заедница која што ја гарантира стабилност, внатрешна кохезија. Сакам да го повторам и тоа што и колегата Буџаку го кажа дека многу е битно во овој период и како порака и во опкружувањето, а и од меѓународниот фактор во однос на нашите интеграции. Во однос на меѓународните фактори велам дека сме кандидати за Европската унија, ние очекуваме покана за НАТО, тие сите сакаат внатрешно консолодирани држави, стабилни и не сакаат да импутираат проблеми. Овој документ е баш во таа насока да ги усогласи сите документи кои што се во државата или биле спорни и проблематнични и да докажеме дека такво нешто ние сме спремни да бидеме дел од европската фамилија и со нашето членување таму не ќе им правиме проблеми на Европа, туку напротив ќе бидеме модел за Европа.

Второто, кое може ќе биде како повторување дека во однос и на некои регионални опкружувања кои што по разни основи не оспоруваат, оспоруваат некои моменти и некои елементи на тоа што е битно да се има како држава, поради политички причини веројатно, внатрешната кохезија, внатрешната стабилност на Република Македонија која што се создава врз почитување на прописите и нормата на Охридскиот договор е најдобар одговор на овие структури кои што би сакале да ние секогаш меѓу себе се туркаме, секогаш меѓу себе си вадиме работи и тие секогаш да имаат послободен и поширок простор за да на некој начин го оспоруваат тоа што понекогаш им поминува, а кога ние би биле во сите интереси хармонизирани, а поготово во овие најсензитивните што задираат во некои елементи кои што се стварно надвор од таа дневна политика, мислам дека не само пораката туку и суштината на едно прифаќање на овој амандман ќе биде многу јасна и ефектот и по овие односи кои ги реков ќе биде многу брзо читлив, добро разбран и конкретизиран преку позитивни повратни сигнали од било која, една, друга или трета асоцијација каде што седиме, а и во регионот веројатно ќе допридонесе за стабилизација и на овие состојби.

Трета моја работа што сакам исто така да ја кажам и за која сакам веќе да верувам, бидејќи нема реакција од мнозинството, или да се посомневам во себе со целата добра намера да продолжам нешто што би било во духот на тоа што до сега заедно сме го граделе и врз база на што ценам дека сепак градиме некој вредносен систем врз кој почиваат или може да се повикува на одредени критериуми за создавање на одредени листи. Жалам што ќе кажам но морам да истакнам дека врз база на тоа што гледам и се прашувам, па добро овие господа не го прифаќаат 13 август како дата која не е само наша, ниту партиски ниту етнички, туку е заеднички документ, зошто тогаш не го прифаќаат. Што треба да биде критериум јас на некој начин да се повикувам или да верувам дека тоа што го правиме го правиме принципиелно, или што рече господинот Буџаку, морам денес три пати да го цитирам - или во оваа лудост постои некој систем. Што е критериумот, што треба да се биде, што треба да се претставува за да се биде во листата на државни празници, затоа што нема аргументи за да не се биде. Тие полуаргументи што ги искажаа некои колеги, јас ги образложив и не стојат. Потоа, ја зедов листата и еве господа пратенци, тие што не следат, што значат тие критериуми.

Имајќи во предвид дека државни празници на Република Македонија се:

24 мај, Ден на сесловенските просветители Св. Кирил и Методиј;

2 Август, Ден на Републиката;

8 Септември, Ден на независноста;

11 Октомври, Ден на Народното востание;

23 октомври, ден на Македонската револуционерна борба;

8 декември, Ден на Св.Климент Охридски и тука завршуваат овие главни државни празници.

Што може како критериум да се види, за жал, имајќи го предвид фактот дека другите - немакедонците придонеле во одредени фази на

развој и на надградба на оваа држава и потоа на разни начини биле “наградувани” од своите соборци во одредени времиња, овие датуми остануваат воглавно, но воглавно во многу висок процент на тоа што е придонес само на македонската нација, само на Македонците како етникум. Зачи, за да имаш државен празник мора да нема ништо албанско, како што сака да се каже со оваа порака. Дали е така тие што го предлагале треба да се изјаснат. Но, по ова што е наш предлог критериум за да бидеш во деновите и да се прогласиш за државен празник мора да биде нешто што не е како директен и потврден придонес и на другите, во овој случај јас би рекол и на Албанците.

Ако е така, тогаш ќе бидеш во овие денови, ако Албанците нешто се помешале со потписи, формално, тогаш не можеш да бидеш дел на празниците кои ги слават, би имале карактеристика на државен празник.

Каде им е местото на овие луѓе, што се сепак во Македонија? Местото им е таму долу каде тие само ќе слават денови за себе кај културната димензија каде Албанците, Турците, Власите, Србите, Ромите, Бошњаците, сите ќе имаат по еден ден како израз на културната димензија и како политички израз на една тн., културна автономија.

Ова не може да се побие освен ако не се прифати овој амандман. Тоа е факт. Значи, се враќаме со оваа теза, со овој момент не само што не го прифаќаме Охридскиот договор како потребен за славење и за државните празници, фактички тоа е, на тоа место, туку чекор назад е не поради тоа што нема да се слави само некој ден, па кој ќе го слави ќе го слави или 28 ноември итн. Проблемот е дека се враќа концептот на државотворен македонски народ само и за другите изразувања на својата културна автономија преку самопочитување на нивниот културен идентитет и еден ден за сите подеднакво без разлика што имаме една уставна обврска за соодветна и правична застапеност, па зошто да не биде соодетна и правична застапеност и кај културните празници. Нека биде за сите, но мислам дека уставната димензија за соодветна застапеност и од овој аспект и од таа гледна точка не е согледувана, но тоа не е најбитното. Најбитното е тоа што го велам за да се биде на листа на државни празници не може да биде празник тој каде и Албанците, велам и Албанците не само Албанците придонеле или потпишале не дај боже, туку тоа ќе остане чисто, она што се вели само на еден етникум и сите други кај четвртата графа каде се Курбан Бајрам, 22-ри ден на албанската азбука, Јон Кипур, Свети Сава и други, што како порака очигледно е дека се сака да се направи чекор назад од концептот на државата од државотворен народ кој ќе остане само тој кој придонел во државните празници и другите со елементи на културна автономија што никогаш не беше оспорено во Македонија. И пред Охридскиот договор и порано и подоцна ќе биде оспорен, тоа е меѓународна димензија која никому, ако се двајца, тројца не можеш да му оспориш, а камо ли ако се организиран и уставно гарантиран комунитет или заедница овде во Македонија.

Затоа мислам како од негативна смисла ако не го прифатиме исто така поради овие причини што ги кажав и во позитивна смисла ако ги прифатиме спрема сите нас и меѓународната заедница многу е битно ова да се разгледа. Уште сум со надеж дека тоа што го кажувам го кажувам во функција на размена на аргументи и консеквенци од едното или другото решение затоа што ние заедно ќе ги сносиме евентуалните консеквенции од таквиот пристап не само по овој амандман и по овој празник, туку трендот кој само се потврдува и со овој амандман кој е во правец на дерогација на Охридскиот договор, на враќање назад на состојбите на концептот на организирање на државата и на тоа што значи права и европеизација на односите во Македонија и поспешување или забрзување на процесот на интеграциите.

Затоа мислам и очекувам дека мнозинството има простор да размисли, би сакал сите ние да се пофалиме со тоа што заедно не само овој, туку и сите празници заедно да ги славиме со таква порака да покажеме дефинитивно и сите тие кои мислат дека сме во спротивна насока, да ги демантираме и да покажеме слух и доверба меѓусебна за тоа што нам заеднички ни е потребно. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Процедурално три минути за пратеникот Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Благодарам. Во име на Парламентарната група или на коалицијата ДУИ и ПДП бараме половина час пауза поради партиски активности.

Парламентарната група знае дека имаше седница на Комитетот, бараме половина час пауза.

**Иван Анастасовски:** Објавувам пауза до 17,30 часот.

(Пратениците отидоа на пауза во 16,53 часот)

(По паузата седницата продолжи во 17,39 часот).

**Иван Анастасовски:** Почитувани колеги, продолжуваме со работа.

Има збор во однос на амандманот пратеникот Фазли Велиу. Повелете.

**Фазли Велиу:** Почитуван претседавач на седницата, почитувани пратеници,

Во член 1 од Предлог-законот за утврдување на празниците како државни празници паѓа во очи еднostраноста на претставувањето и празнувањето на празниците како државни, фаворизирајќи ја едната страна, а оспорувајќи ја другата страна или другите страни или пак сите делови на заедниците кои живеат тука. Целосно се согласувам со сите дискусии на парламентарната група на ДУИ и ПДП и сметам дека ние, иако другите го велат спротивното, имаме мандат од народот, затоа што го добивме

поголемиот дел од гласовите на народот за да ги правиме промените и во оваа прилика да поднесуваме и амандмани, кои го дополнуваат Предлог-законот и кои се во прилог на државата и народите кои живеат во земјава. Веднаш паѓа во очи најзначајниот настан кој донесе до интегритет на земјата, истовремено и Уставот од 2002 година. Значи непразнувањето на Охридскиот рамковен договор, кој беше потпишан од двата тогашни најголеми субјекти ВМРО и ДПА, се разбира, во присуство на меѓународниот фактор и под влијание на новиот субјект во овие предели кој што промени многу работи, а тоа беше ОНА. Споређќи го ова, можам слободно да кажам дека се оспорува историскиот датум кој што е значаен за земјата, а истовремено се оспорува еден голем обид или настојување на оние кои беа посвесни да го променат Уставот и да променат многу работи во насока на демократизација на земјата. Да не се опфати овој настан тоа истовремено значи да се избришат разните страници на историјата на земјата. Меѓутоа, пред да ги кажам овие работи јас слободно можам да кажам дека ние сме жртва на сегашната политика, жртва на владината политика, меѓутоа и партиска, што не се консолидираат самите за да оди земјата напред, туку прават самоуништување и истовремено прават нови повторни партиски поделби. Единствениот субјект кој што остана до сега во потполн унитет или потполно единство , тоа е ДУИ и ПДП. За ова време што се изгуби до сега и за овој политички маневар за одење и доаѓање или истовремено неразгледување на самото Собрание и на пратениците кои имаат мандат од народот, многумина ќе ги чини многу и ќе биде многу доцна да се исправат сите овие грешки. Ние сме биле и сме за поддршка на овој празник, затоа што е празник на граѓаните на Македонија. Го поддржуваме ова затоа што е резултат на еден обид или на едно востание кое е направено со локалните и меѓународните закони, познато кај меѓународниот фактор, истовремено поддржано и постојано со проекти кои се позитивни, промовирани за земјата и за Европа за да биде ова истовремено оправдано за признавање и на оваа држава како мултиетничка и со еден одржлив долгорочен празник. После секој обид, после секоја војна која што се случувала или се случува во светот и на Балканот, имало договори и се случувало со тоа да се одлучува иднината. Охридскиот договор иако беше привремен договор има долгорочен рок затоа што од ова го добиваат моделот за еден мултиетнитет и во Босна и на Косово, меѓутоа, и во другите држави на кои им недостигаше еден ваков модел. Несреќа е што во текот на цело ова време тие кои што го потпишаа овој договор некогаш го објавуваа како мртов договор или пак со мораториум, а некогаш го објавуваа како неприфатлив, некогаш излегуваат како господари на истиот. Сега кога излегуваат како господари на истиот не го ставаат во редот на определување како државен празник. Албанската страна, посебно ние кои го добивме мнозинството гласови од албанскиот народ тука имаме морално право, материјално право, човечко право, статутарно и правно да го поддржиме ова, затоа што населението во прв ред оштетено население ни го даде мандатот ние да соживуваме и празнуваме заедно во оваа земја, иако тоа го платиме многу скапо со многу жртвувања, посебно во оние краишта каде што најмногу беа погодени од поранешниот владин систем, со тоа што беа дискриминирани истите и принудени да се кренат на востание. Ние сме имале поголеми тешкотии во текот на нашот мандат, затоа што не беа исполнети многу услови кои требаше да ги исполни оваа земја и Уставот и владините претставници многу повеќе отколку што имавме после Втората светска војна, многу повеќе затоа што земјата овој настан на Охридскиот рамковен договор ја доведе до таму што таа стана како дел од кандидатите, како дел од Европа истовремено да го смени и концептот на земјата. Ние сме биле мирни и истовремено сме далекувидни. Ние бараме овој празник да се нареди меѓу сите други празници кои што се утврдени тука од причините што беа нагласени и спомнати од моите другари, тие што дискутираа, и со полна причина и полно право затоа што народот кој што многу страдал, посебно албанскиот народ и деловите на нациите кои живеат тука бараат еден таков заеднички празник. Овој празник ќе ги обедини сите каде и да празнуваат и немаше да се празнува само во Охрид, каде што е поставена таа рамка и каде што е потпишан тој Договор, туку и во главниот град во Скопје и секаде и ќе симболизираше или ќе беше симбол на обединување на сите, празнување на сите, радост на сите, истовремено и мотивирање, мотивација на сите за градење на државата, за унапредување на истата и за водење кон целите, намерите или објективите што ги имаат земјата и народите кои живеат тука. Голема празнина е тоа што се направило или што се прави сега. Генерациите треба да научат од 2001 година и од Охридскиот договор. Во новата историја не се забележани овие свети историски датуми. Забележувајќи ги овие датуми ќе ги одбележевме исто така и големите преврати од настани кои беа последица на дискриминаторската политика во минатото и истите да не се случат повеќе. Тие што ги жртвуваа своите најблиски за да има безбедност во државата, тие кои беа во поддршка на истите исто така да дадат нови лекции земјата да напредува и да оди кон Европа со еден нов капитал, одлучувачки капитал, истовремено уставно и правно одржлив за да биде и земјата исто таква. Ние сме во прилог на одржливоста на иднината, на народите и на земјата. Ние сме за заштита на сите вредности кои се национални вредности, меѓутоа се и меѓународни вредности и истовремено се и државни вредности на земјата. Без оваа заедничка манифестација, без ова одбележување на овој датум, ние сметаме дека сите други кои се против ова сакаат да ја вратат горката историја или горкото минато кое беше многу тешко и не треба да се повтори овеќе. Ова

слободно може да се нарече како Илинден на 2001 година или пак како востание, после Втората светска војна кое недостасуваше на народите и недемократизираните држави. Ова ќе биде чекорот кој ќе го направите и ние, доколку не се инсистира да се прифати овој историски датум, ова ќе го забележиме како датум на победата не само на албанската страна туку и победа на граѓаните во Република Македонија, кои од тој ден наваму ќе го имаат своето место, ќе ја имаат државата и ќе живеат безбедни во иднина градејќи ја и унапредувајќи ја истата. Во новата историја треба сите да научат дека токму овој датум одбележува рамнорпавност, одбележува и државна администрација за сите, одбележува и историски датуми, а истовремено одбележува и јазици на сите народи и го забележува или одбележува тоа што до сега не е одбележано, сакале или не да го прифатат тоа што го одбележа меѓународниот фактор во овој договор и истовремено што интервенираше и меѓународниот фактор за да биде Договорот колку што е можно подолгорочен. Многуте дискусии кои што се прават во Собранието и Владата, како и другите дискусии кои се против ова и против напредокот, дискусиите кои доаѓаат и си одат и се дневни дискусии не може да го променат нашиот став. Ние сме одлучни сите и како парламентарна група ќе одиме до крај до реализација на нашата цел празниците кои сме ги предложиле да бидат државни празници. Во спротивно, ние ќе ги празнуваме сите, а одговорноста за неприфаќањето на истите или одговорноста за тоа што некој ќе рече ете ги празнуваат сами празниците, ќе ја сносат тие кои се против манифестирањето, државното манифестирање на овие многу значајни историски празници. Благдоарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика за пратеникот господин Бесим Догани. Повелете.

**Бесим Догани:** Многу се кажа во вчерашната и денешната дискусија за истиот амандман од историски аспект, дури се дадоа и објаснувања кои датираат уште од поодамна, се дадоа објаснувања за разните уставни промени кои следеа во Македонија. Доколку се направат вакви анализи, и јас би сакал да ги потсетам колегите дека во Македонија постоеја и други периоди како што е периодот во 1998 година кој е период каде со коалицијата на ДПА и ВМРО-ДПМНЕ во тоа време се прават првите зачетоци на мултиетничкото работење и дух во Македонија, кога во овој период се ослободија политичките затвореници за прв пат како знак на демократизација на државата, за прв пат почна да се спомнува поимот соодветна и правична застапеност на Албанците, каде од 1,5% за кратко време се постигна овој број да биде 5,8%. Отварајќи ја Третата програма на МРТ специјално за Албанците, со основањето на УИЕ и многу други поставки кои ги одбележуваат за прв пат зачетоците на мултиетничноста во Македонија. Во тоа време постоеше договор меѓу двата политички субјекти за да се воведе во законска рамка употребата на албанскиот јазик и подобровувањето на состојбата на Албанците во Република Македонија во целина.

Затоа, според мене, би требало да се слави и овој период како период на зачетоците на мултиетничноста во Македонија, период кој можеби ги направи првите чекори за тоа што денес во продолжение се трудиме да го направиме.

Затоа, би ве замолил да не кажувате долги излагања, да не навлегувате длабоко во нашето минато, бидејќи нема да имате чисти сметки и ќе немате резултат во сето тоа. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Продолжуваме со претрес по амандманот.

Има реплика пратеникот Фазли Велиу. Повелете.

**Фазли Велиу:** Јас се согласувам да се одбележи сето тоа што го кажа пратеникот Догани, меѓутоа, тие треба да поднесат амандман. Мене ми остави впечаток последната негова реченица кога вели дека сметките нема да ви излезат чисти. Мислам дека овој пат сметките нему нема да му излезат чисти и на другите кои ги спорат историските датуми. Затоа, јас сум за тоа да се конкретизира дали е или не е за одбележување како државен празник Охридскиот рамковен договор. Доколку е, со целата група и другите што ние ги повикуваме, тогаш ќе биде се во ред и никој никому нема да му бара сметка, туку ќе се оди напред. Ова сакам да го кажам, бидејќи доцна ја забележав последната реченица. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор госпоѓа Слевије Салиу, меѓутоа, сакам да ве информирам дека имаме уште три минути до крајот на работното време.

Дали тоа е доволно да ги искажете вашите ставови.

**Селвије Салиу:** Не, не е доволно, затоа ако се работи утре, утре ќе дискутирам.

**Иван Анастасовски:** Во тој случај почитувани колеги, за денес завршуваме овде.

Јас можам само да констатирам дека наредната година утрешениот ден ќе биде веројатно неработен. Меѓутоа, утре продолжуваме со претрес по амандманот од колегите пратеници на ДУИ-ПДП во 14,00 часот, а до 18,00 часот ќе работиме без пауза.

(Седницата прекина во 18,00 часот)